International Foundation
for Electoral Systems

# Заштитата на здравјето и изборите



# Заштитата на здравјето и изборите

**Автори:**

Д-р Фернанда Бурил
Виш истражувач, ИФЕС

Д-р Штафан Дарнолф
Виш советник за спроведување избори на глобално ниво, ИФЕС

М-р Мулукен Асереса
Виш технички советник, Менаџмент на здравствени науки
(Management Sciences for Health)

**Главен уредник:**

Ерика Шајн
Директор на Центар за применети истражувања и учење, ИФЕС

**Уредници:**

Чад Викери
Потпретседател за глобална стратегија и техничко лидерство, ИФЕС

Ангела Кантербери
Директор за стратешки комуникации и застапување, ИФЕС

Серија публикации за Ковид-19: Заштитата на здравјето и изборите
Copyright © 2020 Меѓународна фондација за изборни системи. Сите права се задржани.

Изјава за дозволено користење: Ниеден дел од овој документ не смее да се репродуцира во било која форма или на било кој начин, електронски или механички, како што се фотокопирање, снимање или било кој начин на складирање информации и во системи за пребарување информации, без дозвола од ИФЕС.

Барањата за дозвола треба да ги содржат следните информации:

- Опис на материјалот за кој се бара дозвола да се копира.
- За која намена ќе се користи копираниот материјал и начинот на кој истиот ќе се употреби.
- Вашето име, звање, назив на компанија или организација, телефонски број, број на факс, е-мејл адреса и поштенска адреса.

Барањата треба да се испратат на:

International Foundation for Electoral Systems
2011 Crystal Drive, Floor 10
Arlington, VA 22202
Email: editor@ifes.org
Phone: 202.350.6701

# Содржина

**ПРЕДГОВОР** ... **1**

**БЛАГОДАРНОСТ** ... **2**

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** ... **3**

**ВОВЕД** ... **7**

Јавно-здравствена вонредна состојба и изборите ... 7
Што е ковид-19? ... 8
Цел и структура ... 9

**ГЛАВНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ** ... **11**

Општи размислувања за ублажување на јавно-здравствените ризици за време на ковид-19 ... 11
Фаза I: Предизборни активности ... 15
Фаза II: Денот на изборите и постизборните процеси ... 29
Мониторинг и контрола на квалитетот ... 36

# Предговор

Кризата со јавното здравје предизвикана од ковид-19 во 2020 год., нанесе огромна штета поради загубата на човечки животи, и штета по економијата и здравствените системи ширум светот. Исто така, тоа се случува во особено тежок момент за демократијата.  По прв пат во речиси две децении, според извештајот на 2020 Variety of Democracies Report, поголем број земји -92, се карактеризираат како автократски. Овој „трет бран на автократизација” зафати и региони кои подолго време се сметаа за упориште на демократијата. Кризата со ковид-19 сега создава нови можности за автократите кои до сега се обидуваа, да можат и понатаму да ја зацврстуваат својата моќ врз владините структури и да ја нарушат заштитата на човековите права.

Во овие времиња на предизвици, од клучно значење е државните органи, политичките партии и кандидати, граѓанското општество и меѓународната заедница да се здружат во заложбите како за заштита на здравјето на граѓаните, така и за заштита на нивните демократии.  Изборите претставуваат суштински елемент во давањето таков одговор бидејќи преку нив се јакнат демократските институции и владеењето на правото. Лошото спроведување или манипулирање со изборите за време на ваква криза може да биде двигател за долгорочно нарушување на основните слободи, зацврстување на моќта и корупцијата. Лидерите на изборните процеси при давањето одговор на кризата, мора да дејствуваат одлучно и транспарентно, додека се прави планирање за тоа што ќе следува. Доколку се чека, може да биде предоцна да се ублажат ризиците и по јавното здравје, и по демократските права, поради одложени или лошо спроведени избори.

Како партнер од доверба на изборните органи ширум светот, ИФЕС се посветени да даваат прецизни информации и издржани технички совети со цел да се даваат насоки во носењето одлуки за спроведување на безбедни и кредибилни избори. Овој документ, кој е изработен во координација и консултации со експерти по јавно здравје,  е производ од нашите тековни заложби да се прилагодиме на новите предизвици и заеднички да се развиваме со нашите партнери. Како и секогаш, заеднички ќе продолжиме да ги надминуваме пречките и да градиме демократии кои даваат резултати за сите.

**Ентони Н. Банбари**
Претседател и извршен директор на ИФЕС

1 Anna Lührmann, Seraphine F. Maerz, Sandra Grahn, Nazifa Alizada, Lisa Gastaldi, Sebastian Hellmeier, Garry Hindle and Staffan I. Lindberg. 2020. Autocratization Surges – Resistance Grows. Democracy Report 2020. Varieties of Democracy Institute (V-Dem). Преземено од https://www.v-dem.net/media/filer_public/f0/5d/f05d46d8-626f-4b20-8e4e-53d4b134bfcb/democracy_report_2020_low.pdf

# Благодарност

Авторите би сакале да искажат искрена благодарност до НВО Менаџмент на здравствени науки (Management Sciences for Health), Виш директор за население Др. Елке Конингс, Виш директор на ИФЕС во Мијанмар, Пол Герин, Програмски советник за ИФЕС Украина, Мередит Аплгејт, Виш советник на ИФЕС за инклузија Вирџинија Аткинсон, Виш програмски советник за родови прашања Џина Чирило, Графички дизајнер на ИФЕС Офи Китон Ван Беверен и Офицер за комуникации на ИФЕС, Жанин Дафи, за прегледот на документот и нивниот корисен придонес.

---

*Белешка од авторите*

ИФЕС ги вложи сите напори со цел овие насоки во најголема мера да бидат сеопфатни, но, притоа да се одржи и нивната применливост и полза за разни изборни системи. Исто така, важно е да се истакне дека секојдневно се појавуваат нови докази за тоа како се однесува корона вирусот и на кој начин влијае на здравјето на луѓето. Насоките кои се дадени тука се темелат на постоечките сознанија за ковид-19 во моментот на објавување на документот.

Иако се очекува дека со овие препораки ќе се намалат ризиците по јавното здравје и ќе се зголеми довербата на гласачите и изборните службеници за учество на изборите, во различен контекст постои и различен степен на закана и затоа мора да се разбере дека одржувањето избори каде гласачите лично го даваат својот глас може не секогаш да биде најдобриот начин. Одлуките за тоа дали и како да се спроведуваат изборните активности мора секогаш да се засновани на сеопфатни проценки на ризиците кои се направени во координација со кредибилни и надлежни локални здравствени власти. Со оглед дека изборите сами по себе претставуваат политички настани, дискусиите кои се водат во земјата за тоа дали да се одржат избори во време на криза е поверојатно да бидат успешни доколку бидат вклучени политичките партии и граѓанското општество, и истото да се заснова на општо разбирање на сите вклучени ризици.

# Извршно резиме

Изборите вообичаено подразбираат големи собири ширум целата земја, не само на денот на изборите, туку, исто така, на пример и за партиските митинзи за време на кампања и активностите за регистрација на гласачите. Преку ваквите собири се зголемува контактот меѓу луѓето, како и ризиците од директно и индиректно пренесување на болеста. Мал број од изборните органи имаат воспоставено сеопфатни планови за управување со овие активности за време на голема епидемија на болест, што значи и недоволно време, ресурси и информации за да се направат неопходните прилагодувања и одржување на настаните поврзани со изборите на безбеден начин кога ненадејно се случува криза со јавното здравје. Тоа се покажа дека е случај и со ковид-19, болест која е предизвикана од новиот корона вирус, заради кој досега беа одложени изборите на национално и под-национално ниво во близу 60 земји и територии.[1] Неколку изборни органи кои сепак се одлучија да ги спроведат изборите во време на криза, во голема мера не успеаја да одговорат на загриженостите во јавноста[2] за здравјето, што доведе до ниска излезност на гласачите и проблеми околу кредибилноста на изборите, неприфаќање на должноста од страна на изборните службеници, па дури и инфекција на некои од изборните службеници.[3] Со цел да се даде поддршка на изборните органи ширум светот за да можат да се справат со такво комплексно опкружување, Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС), во соработка со Менаџмент на здравствени науки (Management Sciences for Health) (МЗН)), го изработи овој документ каде акцентот е ставен на општите аспекти поврзани со јавното здравје за сите клучни изборни процеси со препораки за ублажување на ризиците од пренесување на ковид-19. Препораките кои се дадени во овој документ се темелат на информации добиени од општите насоки на здравствените власти како што се Светската здравствена организација (СЗО) и Центарот за контрола и превенција на болести на САД (ЦДЦ), најнови докази и научни публикации во времето на објавување, и најдобрите практики и успешни мерки кои ги имаат спроведено изборни органи во сличен контекст.

## Дефинирање на проблемот

Со оглед дека изборните органи располагаат со ограничено време и ресурси за да обезбедат материјали и да вклучат нови процедури во нивните процеси, од суштинско значење е заложбите за ублажување на ризикот да бидат дел од една сеопфатна стратегија со која се овозможува оптимизација на ресурсите и се темели на проценка на ризикот од ковид-19 во даден контекст. Доколку бидат добро спроведени, тие мерки може значително да го ублажат ризикот од пренесување на болеста и разумно да се намали стравот од инфекција кај луѓето за време на изборните процеси, кое инаку би можело драстично да ја намали излезноста на гласачите и да ја поткопа легитимноста на изборите. Покрај тоа, неопходно е да се истакне дека иако со препораките дадени во овој документ ќе се минимизираат ризиците по јавното здравје и ќе се зголеми сигурноста кај гласачите и изборните службеници, сепак во различни контексти постојат закани на различни нивоа, и изборите по пат на лично гласање може не секогаш да бидат најдобриот начин на дејствување. Одлуките за тоа дали и како да се спроведуваат одредени изборни активности ќе бидат многу поуспешни доколку:

- тие се темелат на сеопфатни проценки на ризиците во координација со надлежните здравствени власти;
- бидат прилагодени на ставовите на политичките партии и чинителите од граѓанското општество претставувајќи го целиот спектар на гласачи во земјата; и
- и се засновани на општо разбирање на сите вклучени ризици од одржувањето избори за време на криза.

## Главни наоди и препораки

Според сегашните достапни докази од СЗО[4] и Центарот за контрола и превенција на болести на САД (ЦДЦ) ,[5] главен начин преку кој се пренесува ковид-19 е од човек на човек преку вирални капки, меѓутоа, новиот корона вирус може да се пренесе и преку индиректен контакт со предмети или површини кои се контаминирани со вирусот. Повеќе од 40 аспекти на изборните процеси вклучуваат собири на луѓе или предавање предмети, и оттаму, тоа претставува ризик од пренесување на болеста доколку не се преземаат превентивни мерки. Таквата вообичаена интеракција се случува за време на сите фази од изборниот циклус и истата не е ограничена само на денот на изборите. Со оглед на специфичните начини на кои се пренесува корона вирусот, следните препораки треба да се применливи на сите изборни активности:

- **Комуникација и координација со надлежните јавно здравствени органи** во однос на анализа на ризик, носење одлуки, планирање и ефективно спроведување на стратегиите за намалување на ризик;
- **Превенција или намалена интеракција на човек со човек** (физичко дистанцирање, респираторна хигиена, употреба на лична заштитна опрема, и кога постои можност, примена на далечински алатки и механизми)
- **Превенција или намалена контаминација на заедничките површини и предмети од страна на инфицирани лица:** (задолжително користење лична заштитна опрема [маски за лице] и респираторна хигиена; и кога постои можност, усвојување на техники без допир)
- **Превенција или намалена изложеност на поединците на контаминирани површини и предмети:** поттикнување на дезинфекција на раце со сапун и вода или алкохолни раствори; избегнување допирање на устата, носот и очите; честа дезинфекција на површини и предмети кои ги користат повеќе луѓе; задолжителна употреба на лична заштитна опрема; и кога постои можност, усвојување механизми без допир

Покрај овие важни општи мерки, изборните органи ќе имаат придобивки доколку ги земат предвид следните препораки за секоја од изборните активности:

*Слика 1: Аспекти поврзани со изборните процеси*

| Изборна активност | Дополнителни аспекти за разгледување |
|---|---|
| **Планирање на изборните активности и ресурсите** | При одложување на изборите, постапување согласно законските одредби; планирање на сценарио според кое изборите ќе бидат закажани во најкус можен рок со соодветни прилагодувања на оперативниот календар и буџет; често информирање на јавноста |
| | При закажување на изборите, се земаат предвид аспекти поврзани со ширењето на болеста, фазата на епидемијата, капацитетот и структурата на здравствениот систем, временските услови/сезона |
| | Приспособување на процесите и процедурите за да се намалат ризиците од пренесување на болеста; идентификување и набавка на вонредни или дополнителни материјали, опрема и добра; ангажирање на привремен или дополнителен кадар; |
| | Обезбедување средства за дополнителни материјали, опрема, кадар, и процеси; поставување приоритети за потребите и оптимизација на ресурсите со најголема моќ за ублажување на ризиците |

| | |
|---|---|
| **Изборна кампања** | Ефикасно организирање на пренесувањето пораки и инструкции за ковид-19 со политичките партии, кандидатите, граѓанското општество и медиумите; изработка на кодекси на однесување или вклучување на прашања поврзани со ковид-19 во постоечките кодекси |
| | Откривање и санкционирање на чинители кои се служат со дезинформации поврзани со ковид-19 заради политички поени |
| | Обезбедување здравствени информации за претпазливост во врска со јавни митинзи, дебати и други собири |
| | Усвојување или проширување на правичен пристап до медиумите и други методи за далечинско водење кампања на правичен начин |

| | |
|---|---|
| **Едукација на гласачите** | Обезбедување јасни, пристапни и чести информации за гласачите во врска со ковид-19, начините на кои се пренесува, и начините за спречување на ширењето; следење на најдобрите практики за здравствена писменост (куси пораки, активен глас, познати зборови, културолошки релевантни визуелни прикази) |
| | Обезбедување јасни, пристапни и чести информации за гласачите во врска со новите изборни процеси и како да се постапува согласно истите |
| | Справување со дезинформациите за болеста и говорот на омраза против ранливи или маргинализирани групи |
| **Регрутирање и обука на изборните службеници и друг кадар** | Кога постои можност, користење на онлајн платформи за прием и преглед на пријави за вработување; за лично регрутирање, користење објекти со доволно простор за да се овозможи физичката дистанца; поттикнување на дезинфекција на раце и употреба на маски за лице од страна на лицата кои го спроведуваат процесот на ангажирање и лицата кои се интервјуираат |
| | Ослободување од должност за работа на избирачките места на лица кои спаѓаат во ризичните групи и лица кои се здравствени работници |
| | Вклучување информации за ковид-19 во содржината за обуката (особено за начините на пренесување и превентивните мерки) |
| | Вклучување инструкции во однос на новите усвоени процедури поради ковид-19 |
| | Избор на места за одржување обука каде има доволно простор за физичко дистанцирање и обезбедување протоколи за дезинфекција на раце и релевантна лична заштитна опрема за сите учесници за време на сесиите за обука |
| | Обезбедување инклузивност и пристапност на нови онлајн/далечински опции за обука |
| | За онлајн обуките, вклучување на механизми со кои ќе се обезбеди успешно завршување на обуката |
| **Регистрација на гласачите, регистрација на кандидатите, гласање со гласачко ливче, пребројување на гласовите и утврдување на резултатите** | Избор на локации каде има доволно простор за да се овозможи доволно физичко дистанцирање; тие локации треба да бидат подалеку од местата каде живеат ризични групи, иако треба да се преземаат алтернативни мерки за да се обезбеди учество на тие групи |
| | Намалување на бројот на лица кои истовремено се присутни во објектот; зголемување на бројот на денови или бројот на локации; распределување на групи во одредено време |
| | Изработка и спроведување на протоколи за ублажување на ризикот од ковид-19 во однос на чекањето во ред, влез и излез од објектите |
| | Истакнување на материјали за информирање на јавноста за ковид-19 на видливи места |
| | Обезбедување доволен број станици за дезинфекција на раце |
| | Охрабрување на гласачите да носат и користат сопствени пенкала |
| | Изработка на протоколи за проверка на идентитетот без допир |
| | Означување на место каде се пополнуваат формулари за постапување согласно барањето за одржување физичка дистанца |

| | |
|---|---|
| | Организирано поставување маси и столици според барањата за физичко дистанцирање за членовите на избирачките одбори, набљудувачите, партиските претставници и претставниците на медиумите;  отстранување на местата за истовремено седење на повеќе луѓе и други непотребни предмети од просториите; поставување паравани од плексиглас или друга прозрачна заштита на масите и шалтерите преку кои ќе комуницираат гласачите и членовите на избирачкиот одбор |
| | Стапување во контакт со продавачи и производители на опрема за да се обезбедат соодветни инструкции за чистење и дезинфекција |
| | Безбедно собирање и исфрлање на материјалот за отпад |
| | За испраќање обрасци и гласачки ливчиња по пошта, употреба на самолепливи пликоа кога постои можност за тоа |
| | Обезбедување инклузивност и пристапност за онлајн/далечински опции за гласање |
| **Набљудување на изборите од страна на домашни и меѓународни набљудувачи и претставници на партиите** | Иако ниеден подобен граѓанин не треба да биде лишен од правото да биде набљудувач на изборите, во вонредни околности како што е криза со јавното здравје, ослободување на поединците кои спаѓаат во ризичните групи и здравствените работници од учество како набљудувачи или партиските претставници, или нивно предупредување за сите ризици од учеството на изборите |
| | За процесот на акредитирање, следење на истите мерки за предупредување како и за „Регистрација на гласачи, регистрација на кандидати и гласање со гласачко ливче |

# Вовед

Изборите вообичаено подразбираат големи собири ширум целата земја, не само на денот на изборите, туку, на пример и за време на партиските митинзи од кампањата и активностите за регистрација на гласачите. Преку ваквите собири се зголемува контактот меѓу луѓето, како и ризиците од директно и индиректно -преку контаминирани површини - пренесување на болеста. Одржувањето такви собири сред епидемија на болест може да значи огромен ризик по јавното здравје, меѓутоа, неодржувањето на тие настани може исто така да ја поткопа тешко извојуваната стабилност и доверба во демократските институции. Државните функционери кои се соочени со таа дилема може да водат битка со одлуката дали да се спроведат изборите, и, доколку се донесе таква одлука за спроведување на изборите, брзо да се одговори на новите предизвици кои ги создава епидемијата во контекст на изборите. Одговорните лица веројатно ќе треба да го прилагодат распоредот на активности; да спроведуваат нови и подобрени процедури кои го намалуваат потенцијалот за ширење на болеста; да обезбедат средства за и набавка на потребните материјали. Исто така, тие треба да се координираат со чинителите од целиот политички спектар со цел таквите измени да бидат изводливи и прифатени, со оглед дека измените во изборните процеси е многу поверојатно да бидат успешни и да бидат прифатени од политичките актери и електоратот доколку и тие се консултирани и се составен дел од процесот на носење одлуки.

## Јавно-здравствена вонредна состојба и изборите

Според дефиницијата на СЗО, јавно-здравствена вонредна состојба претставува „појава или неминовна закана од болест или здравствена состојба, предизвикана поради биотероризам, епидемија или пандемија, или (а) нов и високо смртоносен заразен агенс или биолошки токсин, кој претставува значителен ризик по голем број човечки капацитети или инциденти или трајна или долгорочна попреченост.”[6] Експертите за управување со јавно-здравствени кризи, исто така се служат и со една поопширна дефиниција за криза за да се отслика важноста на умешното одлучување во комплексен контекст: криза претставува „сериозна закана по основните структури или основните вредности и норми на системот, кои под притисок на времето и околности на огромна несигурност, бараат да се носат одлуки од критична важност.”[7] Таквите одлуки со критична важност не го вклучуваат само здравствениот систем во земјата, туку и сите активности кои може, директно или индиректно, да придонесат за влошување на проблемот и преоптовареност на лицата и системите кои даваат одговор на кризата.

> “...одржување избори сред јавно-здравствена криза е можно, меѓутоа, неопходно е значително планирање за да се избегне влошување на веќе и така лошата ситуација.”

Со оглед дека изборите и активностите поврзани со нив вообичаено подразбираат големи собири, тие може да го забрзаат пренесувањето на болеста, која се пренесува од човек на човек и по директен и индиректен пат. Без воспоставени соодветни стратегии за ублажување на ризикот, изборите може да доведат до пораст во бројот на случаи и преоптовареност на здравствениот систем заради што може да настане негов колапс. И покрај предизвиците, некои земји беа во можност да дејствуваат одлучно и во јавно-здравствена криза и да одржат релативно успешни избори, како што е САД за време на пандемијата со шпанскиот грип во 1918 год.,[8] Либерија за време на епидемијата со ебола во 2014 год.[9] а и, многу неодамна, Јужна Кореја за време на тековната пандемија со ковид-19.[10] Овие земји покажаа дека одржување избори сред јавно-здравствена криза е можно, меѓутоа, неопходно е значително планирање за да се избегне влошување на веќе и така лошата ситуација.

## Што е ковид-19?

Ковид-19, термин кој се употребува за корона вирусот 2019, е болест предизвикана од корона вирусот SARS-CoV-2, нов вид на вирус која за прв пат е идентификуван кај луѓето кон крајот на 2019 год. Се смета дека болеста за прв пат е пренесена на луѓе преку лилјаци или панголини[11] кои се продавале на пазарот за морска храна и живина во Вухан, главниот град на провинцијата Хубеи во Кина.



Епидемијата за кусо време се рашири ширум целиот свет и СЗО[12] прогласи епидемија на 11 март 2020 год.

Во моментот кога се пишува овој документ, потврдени се близу 4 милиони на случаи на заразени со ковид-19 во 212 земји и територии, со над 270,000 смртни случаи.

## Симптоми

Според СЗО,[13] најчестите симптоми кои се идентификувани кај лица заболени со ковид-19 се треска, кашлица, губиток на здив или тешкотии со дишењето. Центарот за контрола и превенција на болести на САД (ЦДЦ)[14] исто така ги додава и мускулната болка, главоболката, воспаленото грло, грозницата и губење на осетот за вкус или мирис, како потенцијални симптоми за ковид-19.

Иако разни студии содржат различни податоци, се смета дека висок процент од лицата заразени со новиот корона вирус немаат никакви симптоми или пак имаат само благи симптоми. Доказите укажуваат дека болеста може да ја пренесуваат заразени лица дури и пред појавата на симптоми -неколку дена пред појавата на првите симптоми- и оние кои имаат само благи симптоми,[15] и дека е можно дури и асимптоматски позитивни на ковид-19 лица да бидат „скриени преносители,"[16] кое пак ги усложнува стратегиите за ублажување на ризиците. Доказите кои постојат досега укажуваат дека периодот на инкубација на SARS-CoV-2 (време од изложеност на вирусот до развој на симптоми) е меѓу два и 14 дена .[17]

Во потешките случаеви, инфекцијата може да предизвика пневмонија, тежок акутен респираторен синдром, и смрт. Повозрасните лица и луѓе со потешка здравствена состојба се во поголем ризик да развијат сериозни компликации од болеста.[18] Во времето на објавување на документот, не постои одобрена вакцина или лекување за ковид-19, иако во тек се неколку клинички тестирања.

## Начини на пренесување

Според моментално достапните докази кои ги споделуваат СЗО[19] и ЦДЦ,[20] главниот начин на кој се пренесува корона вирусот е од човек на човек. Кога луѓето се во физичка близина, вирусот може да се шири преку респираторни капки (кога заразено лице кашла, кива или зборува) и истите влегуваат преку устата, носот или можно и преку очите кај другото лице. Поради тоа ковид-19 се смета дека е далеку позаразна болест за време на нормалните изборни активности, отколку што е на пример еболата, која главно се ширеше преку забележливи телесни течности како пот, повраќање и крв.

Корона вирусот може да се пренесува и преку индиректен контакт со предмети или површини кои се контаминирани со вирусот, односно, кога здраво лице ќе допре контаминирана површина и потоа ги допре устата, носот или очите. Со оглед на честата размена на документи, обрасци и други материјали меѓу лицата кои ги спроведуваат изборите, гласачите, кандидатите и набљудувачите, и поради користењето на заедничка опрема како што се скенери за отпечатоци на прсти или машини за гласање, индиректното пренесување на болеста е реално и мора

соодветно да се ублажи таквиот ризик.

Задржувањето на SARS-CoV2 на неживи предмети е слично како и кај другите корона вируси и зависи од типот на материјал од кој се изработени површините, како што е прикажано на табелата подолу:[21]

*Слика 2: Очекувано задржување на корона вирусот според материјалот*

| Материјал | Релевантни примери | Задржување |
|---|---|---|
| Алуминиум | Конзерви; држачи за раце | 2-8 часа |
| Картон | Гласачки кутии; паравани | 24 часа |
| Керамика | Плочки во купатила; клозетски шољи | 5 дена |
| Бакар | Цевки; електрична опрема | 4 часа |
| Стакло | Прозорци; чаши; екрани | ≤5 дена |
| Латекс | Хируршки ракавици | ≤8 часа |
| Метал | Кваки; порти | 5 дена |
| Хартија | Гласачки ливчиња; гласачки кутии; формулари; лични карти; постери | 1-5 дена |
| Пластика | Пенкала; тастатури; лични карти; тактилни гласачки ливчиња | ≤5 дена |
| Не'рѓосувачки челик | Лабавоа; чешми | 48 часа |
| Дрво | Столици; маси; врати; држачи за раце | 4 дена |

*Според информациите од Kampf G, Todt D, Pfaender S, Steinmann E.*

## Цел и структура

Овој документ, кој ги отсликува искуствата на експертите за избори и експертите по јавно здравје, има за цел да се даде поддршка на изборните органи во однос на подобрено планирање и спроведување на избори за време на здравствена криза генерално, и особено за време на пандемијата со ковид-19. Намерата е не само да се намалат ризиците по здравјето на гласачите и изборните службеници, туку и потенцијалните ризици по демократијата поради откажување и одложување кои може да се избегнат преку соодветно планирање. Тоа ќе се направи на следниот начин:

- Обезбедување на рамка за изборните органи да ги разгледаат генерално аспектите поврзани со јавното здравје во различните фази од изборните процеси;
- Разгледување на опсегот и карактерот на јавно-здравствениот предизвик кој е наметнат конкретно со ковид -19 за време на избори;
- Давање препораки и стратегии за ублажување на јавно-здравствените ризици за време на конкретни активности кои се неопходни за спроведување легитимни избори;
- Идентификување основни ресурси и материјали кои се неопходни за спроведување на стратегиите за ублажување на ризиците; и
- Преглед на пристапите за следење и мерење на квалитетот на спроведување на предложените стратегии.

На почетокот на документот се дадени општи препораки кои треба да важат за сите изборни активности и се разгледуваат конкретни аспекти поврзани со различни фази од изборниот процес, и тоа од предизборната фаза до активностите на денот на изборите. На крајот на документот се разгледуваат потенцијалните пристапи за следење и оценка на влијанијата од примената на тие препораки.




- Планирање на изборие и ресурсите
- Регистрација на кандидати
- Изборна кампања
- Едукација на гласачи
- Регистрација на гласачи
- Ангажирање и обука на изборни службеници
- Акредитација на домашни и меѓународни набљудувачи и партиски претставници

- Функционирање на избирачките места
- Пребројување на гласовите и утврдување на резултатите

# Главни наоди и препораки

## Општи размислувања за ублажување на јавно-здравствените ризици за време на ковид-19

Директниот контакт меѓу поединци и контактот на поединци со вирални капки и предмети и површини може да се случи во неколку различни делови од изборниот процес, што потенцијално може да предизвика и пренесување на корона вирусот. Анализата која ја има направено ИФЕС во контекст на епидемијата со ебола во Либерија идентификува над 40 моменти во изборниот процес кои вклучуваат собир на луѓе или префрлање на предмети, со што се зголемува ризикот од пренесување. Таквата вообичаена интеракција се случува за време на сите фази од изборниот циклус и не е ограничена само на денот на изборите.

Со оглед на посебните начини на кои се пренесува корона вирусот, сите инструкции и препораки кои се дадени во деловите подолу имаат за цел:

- Да се спречи или да се намали интеракцијата човек со човек;
- Да се спречи или намали контаминацијата на заедничките предмети од страна на заразени лица; и
- Да се спречи или намали изложеноста на поединци на контаминирани предмети.

Важно е да се истакне дека властите треба да ги планираат активностите на холистички начин и да преземаат мерки за да се постигнат трите цели наведени погоре, бидејќи поголема претпазливост значи и помалку ризици. Меѓутоа, изборните органи имаат ограничено време и ресурси за да ги обезбедат сите материјали и да ги инкорпорираат новите процедури во процесите. Оттаму, од клучна важност е заложбите за ублажување на ризиците да бидат дел од една сеопфатна стратегија која обезбедува оптимизација на ресурсите и се темели на информации добиени од проценката на ризик за ковид-19 во даден контекст. Мерки кои се добро спроведени и за кои постои добра информираност, може значително да го намалат ризикот од пренесување на болеста и разумно да се намали стравот кај луѓето да бидат заразени за време на изборните процеси, кое во спротивно би можело драстично да ја намали излезноста на гласачите и легитимноста на резултатите.

> “Од клучна важност е заложбите за ублажување на ризиците да бидат дел од една сеопфатна стратегија која обезбедува оптимизација на ресурсите и се темели на информации добиени од проценката на ризик за ковид-19 во даден контекст.”

## Спречување или намалување на интеракцијата на човек со човек

Заштитниот механизам преку кој се намалува ризикот од пренесување на ковид-19 е едноставното практикување да се држи физичка дистанца, совесно однесување кое вклучува избегнување лични контакти, и одржување дистанца меѓу луѓето. Држењето дистанца зависи од тоа колку лесно се шири вирусот. Според сегашните препораки на СЗО[22] тоа изнесува близу 1 метар растојание, додека пак ЦДЦ[23] препорачува лицата да одржуваат дистанца од близу 1.8 метри еден од друг. Доколку постои можност, изборните органи треба да се одлучат и за услов со кој се бара држење и поголема дистанца. Меѓутоа, важно е да се напомене дека дури иако 1.8 метар се смета за релативно безбедна дистанца, една неодамнешна студија[24] покажа дека вирусите во капки од кашлање или кивање може да патуваат дури до осум метри во екстремни услови. Тоа укажува дека и покрај барањето за одржување минимална физичка дистанца, исто така е важно сите поединци да се придржуваат до **основната респираторна хигиена и начин на кашлање[25]** (на пр.: соодветно покривање на устата при кашлање и кивање, користење хартиени марамчиња, и нивно соодветно исфрлање во отпадот) и носење маски или друга заштита на лицето во близина на други лица. Повеќе детали за посебните барања за носење маски може да се најдат во делот за „Планирање на изборите и ресурсите".

Може да биде тешко да се спроведе препораката за држење физичка дистанца особено кога на гласачите им е потребна помош и генерално во затворени простори, како и во земји каде постои културолошки обичај да се биде во близок контакт и во ограничен личен простор. Меѓутоа, пренесувањето на болеста може ефективно да се намали доколку поединците се внимателни, поставени се постери кои ги потсетуваат дека треба да одржуваат дистанца, и просторот и поставеноста во објектот овозможуваат луѓето да избегнуваат директен контакт еден со друг. Овие инструкции мора да бидат вклучени и во обуката на изборните службеници и во кампањите за едукација на гласачите. Повеќе детали може да се најдат во делот за „Едукација на гласачите".

## Спречување или намалување на контаминација на заеднички предмети од страна на заразени лица

Иако научната заедница не верува дека тоа е примарен вектор за пренесување на корона вирусот, можно е едно лице да се зарази преку допир на површина или предмет на кои се задржал вирусот и потоа лицето ги допира устата, носот или очите. За да се намалат ризиците, изборните органи можат да преземаат мерки за да се намали потребата за допирање и ракување со предмети, за примена на механизми без допир кога постои можност, и да се обезбеди дека луѓето допираат или ракуваат со предметите само со дезинфицирани раце. ЦДЦ и СЗО ги препорачуваат следните две опции за дезинфекција на раце:

- Сапун и вода – Темелно миење на рацете со сапун и вода најмалку 20 секунди, и/или;
- Минимум 60-процентен алкохолен раствор –Користење на најмалку 60-процентен алкохолен раствор за дезинфекција на рацете и површините.

Иако хлорни раствори (0.05 проценти) се користеа (особено од страна на изборните органи во некои земји во Западна Африка) за борба против вирусот ебола во текот на последните епидемии, СЗО не препорачува да се користат за миење на рацете „заради потенцијалната штета по оние кои го користат и оние кои ги прават растворите, како и деградирање на хлорот кога е изложен на сончева светлина или топлина."[26] Исто така, СЗО има утврдено дека се јавиле респираторни симптоми[27] кај пациенти, здравствени работници и други корисници како последица од изложеност на хидроген/хлорни раствори кои се користеле за деконтаминација на животната средина со процент на хлор поголем од 0.05 проценти кој е неопходен за

дезинфекција на раце).

## Спречување или намалување на изложеноста на поединци на контаминирани предмети

Покрај техниките за дезинфекција на раце наведени погоре, важно е да се обезбеди дека предметите и површините се дезинфицирани за да се елиминираат активните патогени. Тоа може да се направи со сапун и вода или други раствори за дезинфекција (на пр.: раствори со 60 проценти алкохол, 0.5 проценти хидроген пероксид, 0.1 натриум хипохлорит, или било кој друг производ за дезинфекција кој е одобрен како ефективен против корона вирусот)[28] или оставање на тие предмети или површини да бидат недопрени одредено време додека вирусот стане неактивен. Таквиот период на изолираност на предмети и површини зависи од типот на материјал од кој се изработени предметите или површините, како што е прикажано на Табелата на страна 9, како и температурата и влажноста на амбиенталниот воздух.[29]

Иако ракавиците за еднократна употреба се користат за да се зголеми заштитата од контаминирани предмети и површини, важно е да се истакне дека вирусот се задржува на ракавиците и корисниците треба да избегнуваат да го допираат лицето додека носат ракавици, често да ги менуваат ракавиците и безбедно да ги фрлаат употребени ракавици во отпадот. Изборните органи, исто така, треба да обезбедат дека е достапна лична заштитна опрема во разни погодни величини и за мажи и за жени. Темелна и честа дезинфекција на рацете се претпочита споредено со користењето ракавици.

## Координација со здравствените власти и други релевантни институции

Изборните органи честопати формираат Заеднички оперативни центри за спроведување на изборите, одредено време пред изборите за да се олесни координацијата со останатите државни и локални власти. Традиционално, таквите центри првенствено се составени од офицери за врски од разни безбедносни и разузнавачки организации со цел да се обезбедат мирни избори, иако на некои места во нив учествуваат претставници на поголем број владини институции. За време на јавно-здравствена криза, како што е пандемијата со ковид-19, здравствените власти треба да преземат важна улога во таквите координативни центри.

Иако изборните органи се тие кои често ги водат заложбите за координација во врска со изборите, со оглед на размерот и сеприсутноста на влијанието од ковид-19 на сите аспекти од секојдневното живеење, голем број земји имаат формирано специјални работни групи во кои членуваат претставници од извршната власт на највисоко ниво. Придобивките од работните групи во кои е вклучен кабинетот на премиерот или вицепремиерот се бројни, како што се избегнување на одредени слоеви бирократија и обезбедување навремен пристап до неопходните финансиски средства. Бидејќи таквите работни групи може да се политизираат наместо да имаат строго технички карактер, раководството на изборните органи треба да остане фокусирано на својот законски мандат за подготовка и организација на демократски избори.

Изборните органи треба да се фокусираат на три клучни задачи со цел да се извлече максимум од придонесот кој го даваат и од придобивките од координацијата со останатите владини институции, независно од тоа која ќе биде крајната одлука во врска со одржувањето на изборите. Следните три активности се од основно значење за сите изборни органи кои се задолжени со организација на изборите за време на јавно-здравствена криза:

- **Спроведување заедничка проценка на ризикот по јавното здравје заедно со надлежните локални експерти по јавно здравје,** притоа опфаќајќи ги сите изборни процеси и ризиците за пренесување на болеста кои се вклучени. Тоа се прави дополнително на проценката на ризик која неколку изборни органи веќе ја имаат спроведено од аспект на интегритетот на изборите (т.е., да се спречи измама, системска манипулација и **злоупотреба).**

- Врз основа на наодите од проценката и консултациите со чинителите (на пр.: политички партии, граѓански организации, групи набљудувачи), изработка на **план за намалување на ризикот** во кој е содржан детален преглед на неопходните измени на регулативата и процедурите, и дополнителните материјали кои треба да се набават за изборните службеници и за останатите чинители да можат да ја извршуваат својата улога. Во некои случаи, може да се земат предвид и законски амандмани.[30] Изборните органи, исто така ќе треба да изработат план за тоа како ќе се информира и запознае пошироката јавност за мерките за намалување на ризиците.

- Интегрирање на планот за намалување на ризиците во **ажуриран оперативен план** на изборните органи. За тоа најверојатно ќе биде потребно да се ажурира изборниот роковник и буџет.

# Фаза I: Предизборни активности

## Планирање на изборите и ресурсите

### Аспекти околу одложување и други измени на изборниот календар/роковник и законски одредби

Со оглед на ширењето на ковид-19 ширум светот, близу 60 земји и територии објавија дека се одложуваат националните и под-националните избори поради стравот дека големите изборни случувања може да ја забрзаат стапката на пренесување на корона вирусот и дека изборните органи нема да можат успешно да ги отстранат таквите ризици. Иако одложувањето може понекогаш да биде најдобрата одлука за да се заштитат и гласачите и изборните службеници, тоа, исто така, може да ја подотвори и вратата за политички манипулации и злоупотреба на моќта.[31] Лидерите може да ја искористат јавно-здравствената криза како изговор да ги откажат изборните процеси и да ја продлабочат својата власт, притоа нарушувајќи ги демократските принципи за време на и така многу кревок момент. Доколку одложувањето е единственото изводливо решение за да се заштитат граѓаните, изборните органи и останатите државни органи треба да обезбедат придржување до законските одредби со кои е уредено одложувањето на изборите; да изработат проценки на ризик и планови во координација со здравствените власти и изборните чинители за да се спроведат изборите на некој подоцнежен датум; да се одреди нов датум за изборите, доколку постои можност за тоа; и да се соопшти пред јавноста кое е образложението за таквите одлуки и кој тип на активности ќе бидат преземени за да се намалат ризиците по јавното здравје за сите чинители.

### Аспекти поврзани со датумот за одржување на изборите

Одреден број фактори се земаат предвид кога се одредува датумот за избори или пак периодот за одржување избори, вклучително и временските услови. На пример, изборите може да бидат закажани во сезона кога температурите се умерени или има помалку дожд за да им се овозможи на гласачите да се соберат на отворено и да се избегне собирање во затворен простор. Ако болеста се пренесува преку вектори како што се комарци или други инсекти, властите треба да земат предвид кога таквите вектори се најактивни. Повисоките температури се помалку поволни за вируси како што е инфлуенца (кој го предизвикува обичниот грип) и, во 2003 год., и ширењето на САРС се намали поради високите температури. Иако некои експерти очекуваат благо опаѓање во степенот на зараза со ковид-19 во потопли, повлажни временски услови[32] во САД и Европа, сè уште е нејасно дали тоа значително ќе го забави ширењето на вирусот, додека ширењето на болеста на јужната хемисфера укажува дека високите температури не се доволни за да се ограничи ширењето на вирусот.

Одлуката за датумот на избори и изборни активности треба да го земе предвид и ширењето на болеста. Во врска со пандемијата со ковид-19, СЗО ги има класифицирано сценаријата за пренесување на болеста во четири категории:[33] 1) нема нови случаи; 2) спорадични случаи; 3) кластери на случаи; и 4) пренесување на болеста во заедницата, како најсериозна категорија, кога се идентификувани повеќе неповрзани кластери во неколку делови на земјата. Мерките кои ги преземаат владите во некои од овие најтешки сценарија, како што се задолжителни мерки за изолација и ограничувања на патувања, може да доведат до неможност за одржување на личното гласање на изборите.

Изборните органи може, исто така, да ја земат предвид и фазата на епидемијата во земјата

или регионот. Ако се претпостави дека податоците кои се пријавуваат се кредибилни, доколку се погледне траекторијата за порастот во бројот на случаи во земјата или регионот, властите може да добијат сознанија за тоа дали бројот на заразени лица е во нагорна линија, се има стабилизирано или пак е во опаѓање. Иако оваа варијабла не може сама по себе да ја гарантира безбедноста на изборите, бидејќи може да се јави нов пик на заразата, пооптимистичко сценарио за изборите е кога бројот на заразени лица се одржува стабилно или е во опаѓање.

Конечно,  капацитетот и структурата на здравствениот систем во земјата и очекуваната стапка на хоспитализација за време на избори, треба исто така да се земат предвид. Ако побарувачката за болнички кревети и вентилатори го достигне максималниот капацитет кој го има во земјата, одржувањето на изборите може да го преоптовари здравствениот систем и да го доведе речиси до состојба на колапс, освен што клучните набавки за лична заштитна опрема ќе се пренасочат од болниците кон избирачките места.

## Аспекти поврзани со идентификување и набавка на дополнителни материјали, опрема и добра

Доколку се промени начинот на спроведување на изборите од лично гласање со алтернативни начини на далечинско гласање, изборните органи ќе треба да направат серија измени и во врска со набавените материјали и/или опрема. На пример, кога тоа го дозволува законската рамка, за да се воведе или прошири гласањето по пошта или испраќање на гласачки ливчиња при неможност на гласачите да бидат присутни во избирачкото место, ќе има потреба од поголем број пликоа, давачки за поштарина и поголеми простории за обработка на гласачките ливчиња и ангажирање и обука на дополнителен кадар. Кога изборните процедури ќе бидат префрлени во онлајн просторот, може да бидат потребни набавки за развој и одржување на безбедни виртуелни платформи.

Доколку се задржи личното гласање, изборните органи сепак ќе треба да процесираат дополнителни набавки за одреден број материјали со цел да се намали ризикот од пренесување на болеста за време на регистрацијата на гласачите и кандидатите и самото гласање. Од клучна важност е да се дефинираат соодветните ресурси, да се идентификуваат добавувачите, и набавките да се спроведат колку што е можно потранспарентно и брзо за да материјалите пристигнат на време и во доволни количини. Особено во случаите на големи епидемии, како што е пандемијата со ковид-19, може да дојде до прекин на синџирите за набавки поради големата побарувачка на одредени производи на глобално ниво и бидејќи производителите може да треба привремено да бидат затворени. Затоа се препорачува изборните функционери да обезбедат дека сите набавки се достапни и може да бидат испорачани на време пред да се донесе одлука за одржување на изборите. Синџирот за набавка на неопходните ставки во идеални услови треба да се потпира на синџирот за набавка на машини за гласање кој веќе е подготвен во земјата.

Како што и претходно беше кажано, за да се намалат ризиците од пренесување на ковид-19, за избирачките места би биле потребни следните материјали:

- **Сапун или алкохолен раствор** кој ќе се користи за чистење и дезинфекција на рацете и **други одобрени производи за дезинфекција** на површини. Потребната количина од секој производ зависи од бројот на гласачи, избирачки места, и други активности кои се вршат лично и кои избирачките органи предвидуваат да ги спроведат (на пр.: регистрација на гласачи, обуки за

избирачките одбори). За денот на гласањето, иако мала е веројатноста дека излезноста на гласачите ќе биде 100 проценти, изборните органи мора да обезбедат материјали за максималниот можен број на гласачи.

- **Маските за лице,** доколку се соодветно изработени и поставени, може да опфатат одреден процент на мали респираторни капки и да ги намалат шансите дека останатите кои се околу лицето што ја носи маската ќе дојдат во контакт со тие капки. Во оптимални околности, претпоставувајќи дека има неограничено набавени материјали, N95 респираторите се добра опција со оглед на нивната ефективност.[34] Хируршките маски се исто така корисни, иако тие даваат помала заштита од N95 респираторите. Со оглед дека има недостаток од тие материјали на глобално ниво, апсолутен приоритет треба да се даде на здравствените работници да добијат и N95 респиратори и хируршки маски. Доколку и понатаму има недостиг, изборните органи може да разгледаат алтернативи, како што е набавка на маски од ткаенина за избирачките одбори, другите изборни службеници, и за гласачите доколку тоа го дозволува буџетот. Ако се користат маски од ткаенина, треба да се даваат соодветни инструкции за нивно перење, како што е применливо. Доколку изборните органи не можат да обезбедат маски за гласачите, треба да се охрабруваат и да се даваат инструкции на гласачите кои присуствуваат на изборните активности да купат или направат свои маски. ЦДЦ има издадено инструкции за домашна изработка на маски.[35] За избирачките одбори кои се во директен контакт со гласачи кои се позитивни на ковид-19 и оние кои ќе им помагаат на гласачите кои имаат потреба од тоа и затоа не можат да ја одржат бараната физичка дистанца од нив, може да се земе предвид и користење на прозрачни визири за лице. Прозрачните маски може исто така да помогнат на глувонемите гласачи да читаат од усните на членовите на избирачките одбори.

- **Јаже, коноп, конец, лента или налепници и метро** може да помогнат да се спроведат протоколите за одржување физичка дистанца додека се чека во ред или за време на секоја од изборните процедури. Се препорачува да се користи еден или повеќе од тие предмети во секое избирачко место за да се одржува соодветен ред во кој стојат гласачите. Тоа веројатно може да се набави локално за мала цена, а соодветната количина најдобро може да ја одредат службениците кои имаат претходно искуство со процесот на гласање. Ленти или парчиња жица може да се прикачат на јаже или коноп на секои 1,8 метри за да може да се обезбеди соодветното растојание меѓу оние кои стојат во ред, а на подот може да се постават налепници каде секое лице ќе треба да застане на секој чекор од процесот. Сепак ќе треба да се обезбедат и лицата кои ќе го контролираат стоењето во ред за да се обезбеди соодветната физичка дистанца.

- **Визири од плексиглас или друг прозрачен материјал,** доколку има, може да претставуваат заштитна бариера меѓу избирачките одбори и останатите изборни службеници и гласачите во текот на различни процедури (на пр.: регистрација на гласачите, верификација на гласачите, потпишување на избирачкиот список), и тоа помага респираторните капки од едно лице да не стигнат до друго лице. Таквите визири треба често да се дезинфицираат со соодветни производи за тоа и луѓето треба да избегнуваат да ги допираат**.**

- **Ракавиците** може да послужат за претпазливост од страна на избирачките одбори и останатите изборни служебници да избегнуваат директен контакт со предмети и површини и со гласачи само доколку не го допираат лицето (устата, носот и очите), додека ги носат ракавиците. Еден пар ракавици треба да се носи

само кус временски период. Доколку има доволно набавен материјал и ресурси, се препорачува да се обезбеди една кутија ракавици (обично има по 50 пара во една кутија) за избирачките одбори во секое избирачкото место. Така ќе се овозможи тие често да ги менуваат ракавиците. Сите искористени ракавици треба соодветно и безбедно да се фрлаат во затворени контејнери. Бидејќи индивидуалната изложеност на гласачите за време на изборниот процес е споредбено помала, не се препорачуваат ракавици за гласачите; и изводливо е да се направи дезинфекција на рацете пред и по изборната активност и тоа е многу поефективно.[36] Ракавиците може на луѓето да им создадат лажно чувство на безбедност[37] и да допираат повеќе површини или своето лице, а и потешко е да се направи дезинфекција на рацете или пак тоа се прави многу поретко, и истовремено ракавиците претставуваат ризик доколку не бидат соодветно исфрлени и тоа е многу поверојатно да се случи кога ракавиците ги користат милиони луѓе.

- **Едукативни материјали** во кои се содржани инструкции за одржување хигиена, и кои се наменети за гласачите и останатите учесници во изборниот процес, особено се препорачуваат за сите јавни настани. Постери треба да се поставуваат и внатре но и надвор пред избирачките места на јазиците кои се зборуваат во земјата и треба да имаат јасни визуелни прикази. Изборните функционери треба да соработуваат со здравствените власти за да се определи кои постери се најрелевантни и да стапат во контакт со агенциите кои се одговорни за нивната продукција. Веројатно е дека повеќето од тие материјали ќе бидат ставени на располагање бесплатно од страна на национални и меѓународни агенции**.**

- **Радио и ТВ пораките и другата комуникација со јавноста** во врска со изборите треба да содржат јасни, но сепак наменски здравствени инструкции за гласачите пред да пристигнат на избирачките места. Повеќе детали може да се најдат во делот „Едукација на гласачите". Тие пораки треба да се изработат во соработка со здравствените власти за да се обезбеди доследност со останатите пораки на јавните служби. Доколку тие пораки бидат надополнување на пораките кои медиумите веќе ги планирале за изборите, така може да се намалат и буџетските импликации. Пораките треба да се продуцираат во пристапни формати, како што е знаковниот јазик и со голем фонт, како и на локалните јазици. Стратегиите за дисеминација треба да ги искористат постоечките канали преку кои е веројатно да се опфатат жените, младите луѓе, лицата со попреченост и други традиционално недоволно застапени групи.

Иако за време на епидемијата со ебола во Западна Африка се покажа како корисна употребата на термометри без допир и некои земји ги користеа и за време на тековната епидемија со ковид-19, нивното користење во овој случај сега е далеку понекорисно. Термометрите може да дадат лажни позитивни или негативни резултати[38], особено ако лицето зема лекови за контрола на грозница, и со нив не може да се откријат знаци на инфекција кај лица кои се асимптоматични. Иако грозницата е еден од раните симптоми кај еболата и лицата кои се заразени не можат да ја пренесат болеста додека не се јават симптоми за болеста, последните докази покажуваат дека луѓе кои се позитивни на ковид-19 може да се асимптоматични и да го пренесат вирусот на други.[39] Особено во контекст кога ресурсите се оскудни, *термометрите не треба да бидат приоритет.*

### Аспекти поврзани со буџетот/дополнителните трошоци

Изборните органи мора да имаат на ум дека сите ресурси наведени погоре подразбираат и дополнителни трошоци. Зависно од тоа во колкава мера е раширена епидемијата, веројатно е дека и други организации во земјата, и дури и во други региони може да ги вршат истите набавки, и тоа потенцијално може да доведе до недостиг и пораст во цените. Новите набавки на материјали не се единствените вонредни трошоци за изборите во услови на јавно-здравствена криза. Кога изборните активности или процедури се спроведуваат преку лично гласање за време на епидемија, изборните органи мора да ги разгледаат начините на кои ќе се намалат собирите и ќе се одржува потребната физичка дистанца меѓу сите присутни. Во тие решенија може да спаѓа и отворање на центри за повеќедневна регистрација или организација и овозможување на повеќе обуки за избирачките одбори за да се овозможат помали групи во било кое време, како и изнајмување на поголеми простории за да се обезбеди потребното одржување на физичка дистанца. Покрај тоа, со оглед на изменетите процедури и новите барања за обука за соодветно користење на разна лична заштитна опрема, за тие програми за обука ќе биде потребно и дополнително време. За сите овие опции веројатно е дека ќе се зголемат трошоците.

> "Изборните органи мора да ги разгледаат сите овие дополнителни трошоци и нивниот капацитет да си ги допуштат, да се координираат со останатите партнери и агенции да ги покријат трошоците за кои тие не се во можност, и да се координираат со здравствените власти за да се идентификуваат најгорливите потреби за да може да се приоретизираат мерките."

Конечно, доколку изборните органи се одлучат да ги спроведуваат изборните активности и самите избори преку избегнување на собири на лица, одреден број други трошоци може да се поврзат и со алтернативите за далечинско гласање. На пример, изборните органи мора да инвестираат во онлајн платформи, виртуелни обуки, испраќање на формулари и материјали по пошта, и безбедносни мерки за да се осигура легитимно користење на ресурсите. Изборните органи мора да ги разгледаат сите овие дополнителни трошоци и нивниот капацитет да си ги допуштат, да се координираат со останатите партнери и агенции да ги покријат трошоците за кои тие не се во можност, и да се координираат со здравствените власти за да се идентификуваат најгорливите потреби за да се приоретизираат мерките.

## Регистрација на кандидати

### Аспекти поврзани со регистрација на кандидатите по пошта

Преку процесот на регистрација, политичките партии и независните кандидати го официјализираат своето учество на изборите. Изборните органи, врз основа на информации поднесени од страна на партиите и кандидатите ги составуваат избирачките ливчиња кои се користат на денот на изборите; отпечатени или во електронски формат. Со оглед дека информациите кои се поднесени за време на регистрацијата на партиите и кандидатите се користат за да се отпечатат гласачките ливчиња (или да се изработат во електронски формат), од особена важност е сите тие информации да бидат точни бидејќи утврдувањето на подобноста на гласачите и изработката на гласачките ливчиња може да бидат засегнати заради грешки во тие информации.

Зависно од изборниот систем во земјата и законската рамка со која се уредува регистрацијата на кандидатите, процесот во голема мера може да се заврши или преку препорачана пошта или лично. Опцијата за испраќање по пошта подразбира помалку ризици за пријавените и релативно

е едноставно да се надминат тие ризици, како за подносителите така и за службениците кои ги обработуваат пријавите за регистрација. Како што е подетално наведено во делот „Функционирање на гласачките места”, лицата кои ги пополнуваат обрасците во домашни услови треба да ги дезинфицираат рацете по завршување на процесот и најдобро е да се испраќаат во пликоа на кои има лепило и може да се запечатат. Доколку нема на располагање такви пликоа, на пликото треба да се отпечатат инструкции со кои на подносителите им се укажува дека не треба да го запечатат пликото со својата плунка и притоа да им се понудат безбедни алтернативи (на пр.: влажен сунѓер за да се активира лепилото). Службениците кои ги примаат пријавите по пошта треба да користат ракавици, да ги следат протоколите за дезинфекција на рацете, да избегнуваат да го допираат лицето и да ги почитуваат мерките за одржување физичка дистанца во просториите.

## Аспекти поврзани со лична регистрација на кандидатите

За повеќето процеси на регистрација на кандидатите неопходно е личното присуство на потенцијалните кандидати во одредена канцеларија во даден временски период, или за да ги поднесат официјалните документи во оригинал, да потпишат формулари или да се фотографираат за гласачкото ливче.[40] Во некои случаеви, се бара и присуство на претставник од политичката партија или сведок, и со тоа се зголемува бројот на лица кои се присутни во просторијата. Оттаму, кога се прави избор на место каде се врши лична регистрација на кандидатите, службениците на изборните органи треба да ги земат предвид аспектите на одржување физичка дистанца за лицата кои чекаат во ред надвор или внатре во објектот, соодветни протоколи за влез и излез и доволно простор за службениците да можат да работат во безбедно опкружување. Пред да се влезе во определените простории, подносителите треба да се придржуваат до протоколите за соодветна дезинфекција на рацете. Исто така, треба да се поставаат и постери на кои се прикажани инструкции.

Изборните органи се повеќе ги интегрираат системите за регистрација на кандидатите со компјутеризиран дизајн на гласачките ливчиња, и од кандидатите се бара да ги потврдат личните информации кои се внесени во системот во моментот на регистрација. Намалувањето на ризиците од пренесување на ковид-19 во канцелариите кои користат интегриран компјутерски систем за регистрација на гласачите би подразбирало мерки како оние кои се наведени во делот „Регистрација на гласачите” кога користат техничка опрема, за соодветна размена на документација, за потпишување обрасци и за правење фотографии. При изработката на упатства за регистрација на кандидати, изборните органи треба да вклучат инструкции кои се однесуваат на соодветно одржување физичка дистанца, дезинфекција на рацете и респираторна хигиена во текот на целиот процес. И подносителите и изборните службеници се охрабруваат да користат маски за лице и ракавици со оглед на постојаната размена на документи и близината меѓу лицата додека се врши фотографирањето.

## Аспектите поврзани со поднесување потписи во поддршка на кандидати

Барањето од потенцијалните кандидати да поднесат минимален број потписи од подобни гласачи во поддршка на нивната кандидатура е вообичаена пракса. Собирањето потписи од илјадници гласачи лично и ракувањето со книгите каде се собираат потписите може да доведе до повеќе ризици за пренесување на корона вирусот, со оглед дека лицата кои ги собираат потписите и оние кои ги даваат своите потписи треба да бидат во взаемна интеракција и да ги допираат истите предмети. Доколку постои можност, изборните органи треба да ја разгледаат можноста да се бара помал број потписи или да се овозможи собирање на потписите онлајн преку користење на безбедни платформи.

## Изборна кампања

### Аспекти поврзани со традиционалното водење кампања и кампања на новите медиуми

Еднаквата можност да се води изборна кампања е важно за фер избори. Иако вршителите на должност сè уште ќе имаат пристап до медиумите и веројатно ќе бидат и дополнително експонирани за време на јавно-здравствена криза, може да биде многу потешко за опозицијата, новите кандидати и особено за кандидатите со помалку ресурси да станат познати во време кога јавните настани се ограничени или се воспоставени мерки за потполна изолација. Со оглед дека во повеќето земји вршителите на должност се главно мажи, овие пречките може да го отежнат водењето кампања за жените кандидатки и нивниот евентуален избор.

Во овој контекст, станува уште поважно на сите кандидати и партии да им се обезбеди фер пристап до медиумите и да се спроведува регулативата за политичко финансирање. Изборните органи треба да разгледаат како ќе се координираат и со државните и со приватните медиумски куќи за да се олесни пристапот до медиумски спотови за разни партии и кандидати, и да се препорачува организирање на поголем број телевизиски дебати за да може и на новите чинители да им се даде шанса да ја претстават својата политичка платформа. Изборните органи, исто така, треба да разгледаат и вклучување на одредена стимулација за кандидатите со помалку ресурси да се кандидираат на изборите, како на пример ослободување од давачките за регистрација.

Кога постои можност, изборните органи треба да ги охрабруваат политичките партии да се координираат со здравствените власти во однос на конкретни протоколи за намалување на ризиците во врска со нивните активности и да обезбедат дека доследно се пренесува пораката за справување со болеста. При одржување дебати, брифинзи за медиумите, и други настани кои се емитуваат преку радио, телевизија или онлајн мора да се следат предупредувањата за намалување на ризиците. Учесниците мора да седат најмалку на растојание од 1,8 метри меѓу себе, да користат лична заштитна опрема (особено маски за лице) кога се во близина на други луѓе, и да ги следат протоколите за чистење на рацете кои се опишани погоре. Треба да се истакне дека со оглед на тоа дека е невозможно да се чита од усните на говорниците додека тие носат маски за лице, уште позначајно е да се обезбеди титлување или толкувачи на знаковниот јазик за да има пристапност до содржината. Електронски уреди како што се екрани, тастатури и микрофони мора да се дезинфицираат согласно на инструкциите од производителите. Особено кога се врши видео пренос од настаните, учесниците мора да бидат свесни дека нивното однесување се следи, и како лидери или лица кои вршат влијание, и тие мора да бидат добар пример и модел за соодветните мерки за намалување на ширењето на болеста.

### Аспекти поврзани со одржување јавни собири/митинзи

Со оглед дека поголемиот број земји го ограничија бројот на лица на кои им е дозволено групно собирање за да се спречи ширењето на ковид-19, јавните изборни настани како што се митинзите за време на кампања се главно откажани. Доколку бидат дозволени од страна на властите, за таквите настани мора да се следат серија препораки.

Митинзите и други активности од кампањата е особено тешко да се контролираат и вообичаено се вон делокругот на изборните органи, но, дури и кога тоа е така, изборните органи или политичките партии може да спонзорираат форум (или онлајн форум, работилница или обука) во соработка со здравствените власти каде ќе бидат опфатени основите за намалување на ризиците и кандидатите ќе имаат можност да поставуваат прашања и да изнесуваат проблеми. Исто така,

во координација со здравствените власти, политичките партии треба да идентификуваат едукативни материјали кои се погодни за јавните настани. Кандидатите и нивните тимови мора да преземат одговорност за да има придржување до одржувањето физичка дистанца на сите митинзи, дека сите поединци кои се во ризик се заштитени, и дека се почитуваат протоколите за влез и излез за сите активности кои се одвиваат во затворен простор. Тие протоколи треба да содржат дезинфекција на рацете (со вода и сапун или алкохолни раствори) пред влез и на излез од објектите и соодветно движење на лицата во и надвор од објектите за да се избегне контакт. Присутните лица, исто така мора да носат маски. Сите покани за јавни собири кои ги испраќаат партиите и кандидатите треба да содржат дел посветен на јавното здравје каде е направен преглед на упатствата за учество. Говорниците од бина мора исто така да ги следат сите предупредувања кои ги имаат препорачано здравствените власти, како што се носење маски кога се во близина на други луѓе, избегнување да се ракуваат со своите поддржувачи или да се вклучуваат во било која друга форма на директен контакт со нив.

### Аспекти поврзани со кампањата од врата на врата

Лицата кои ја спроведуваат кампањата од врата на врата мора исто така да ги следат мерките за намалување на ризиците за да се ограничи интеракцијата човек со човек и да се намалат ризиците преку давање на летоци и друг изборен материјал. Како што беше претходно наведено, важно е лицата кои работат на кампањата да одржуваат безбедно растојание од останатите; да носат маски или друга заштитна опрема; и да прифатат начини за делење на материјалите со кои е намалено непотребното допирање (на пример, оставање на материјалите пред врата наместо да им ги даваат директно на граѓаните).

### Аспекти поврзани со дезинформациите за ковид-19 и наративите за болеста кои се користат за да се манипулира со излезноста и/или изборните резултати

Друг важен аспект на изборните кампањи е и содржината на пораките. За време на јавно-здравствена криза, и кандидатите кои се вршители на должност и опозициските кандидати може да прават обиди да ги искористат промените во изборниот процес и стравот на граѓаните за стекнување политички поени.[41] На пример, кандидатите може да се обидат да ги преувеличуваат ризиците од заразата за време на избори за да се намали излезноста на гласачите во регионите каде тие немаат добар рејтинг, или пак да ги потхрануваат наративите кои болеста ја поврзуваат со одредени групи за да им се наштети на кандидатите кои се блиски со тие групи. За изборните органи се препорачува да изработат кодекси на однесување со политичките партии или да се вклучат делови за ковид-19 во постоечките кодекси на однесување кои предвидуваат санкции за оние кои ги прекршуваат тие начела, и од близу да ја следат изборната кампања за да може да се идентификуваат прекршителите и да се изречат санкции.

## Едукација на гласачите

### Аспекти поврзани со информирањето на гласачите за болеста и други предупредувања

Едукацијата е од клучно значење за да се обезбеди дека луѓето знаат како безбедно да постапуваат за време на изборните процеси и за да се растера неоснованиот страв кај изборните службеници, гласачите и другите чинители во изборите, коешто може да го поткопа и нивното учество. Гласачите треба да имаат основни сознанија за вирусот, како се пренесува, и како да се спречи пренесувањето. Изборните органи, исто така, треба на гласачите и останатите вклучени страни во изборите да им ги појаснат сите активности и мерки кои се преземаат за намалување на ризиците и заштита на нивното здравје. Едукативни постери, видеа или други објави на јавните служби во врска со пренесувањето на корона вирусот треба да се објавуваат или

поставуваат на сите јавни места каде луѓето се собираат за време на избори. Секоја локација на која се врши регистрација на гласачите, канцеларија каде се врши регистрација на кандидатите, избирачко место и седиштето на изборните органи треба да добијат посебни инструкции за тоа како се поставуваат постерите и други јавно-здравствени пораки. При изработката на едукативните материјали, изборните органи треба да ги следат најдобрите практики за здравствена писменост,[42] како што се:

- **Ограничен број на пораки –** Разгледување само по една идеја и ограничување на бројот на инструкции највеќе на три до четири (на пр.: потсетување и инструкции за дезинфекција на рацете, недопирање на лицето или непотребни површини, практикување респираторна хигиена, носење маска за лице).
- **Кажување на гласачите што да прават –** Користење активен глас и позитивен тон, фокусирајќи се на постапувањето и што гласачите треба да прават наместо тоа што не треба да го прават (на пр.: „Извршете дезинфекција на рацете пред и по гласањето” наместо „Не гласај или не го напуштај избирачкото место без да извршиш дезинфекција на рацете”).
- **Избор на зборови –** За да биде појасно, користете куси реченици и едноставни или познати зборови (избегнувајте техничка или научна терминологија и непотребни скратеници или акрономи). Јазикот треба да биде културолошки соодветен.
- **Избор на визуелни прикази** – Користете фонт со големина која е лесна за читање и слики на кои е прикажано препорачаното здравствено поведение. Сликите треба да бидат со висока резолуција за да може да се отпечатат во голем формат, да бидат културолошки релевантни и сензитивни.




*Примери за материјали за едукација на гласачите од Либерија за време на епидемијата со ебола во 2014 год.*

Изборните органи, преку едукацијата на гласачите, треба да се справат и со дезинформациите за кампањите и говорот на омраза упатен кон маргинализираните групи.

### Аспекти поврзани со информирањето на гласачите за новите изборни процедури

Не само што граѓаните мора да бидат добро информирани за болеста и начините на кои таа се пренесува, туку мора да разбираат и како да постапуваат за секој еден чекор од изборниот процес кој можеби е сменет согласно на здравствените предупредувања. На пример, доколку гласачите повеќе не ги даваат документите за лична идентификација на членовите на

избирачкиот одбор за да се избегне потенцијално допирање на контаминирани предмети и површини, новите инструкции за проверка на идентитетот на гласачите мора да бидат јасни и однапред објаснети преку јавни соопштенија и други кампањи, со тоа што ќе бидат прикажани на избирачките места и повторувани од страна на изборните службеници, доколку има потреба од тоа. Изборните органи и граѓанските организации треба, исто така, да се координираат и со други организации за да може преку едукацијата за гласачите да се опфатат и често маргинализираните заедници и за да се инвестира во пристапноста на тие пораки, како што се титлување и знаковен јазик.

Доколку се користат алтернативни методи за активности како што се регистрација на гласачите, номинирање кандидати, или гласање, изборните органи мора да бидат уште попретпазливи за начинот на кој ќе се даваат новите инструкции на граѓаните. Формуларите кои се испраќаат онлајн или по пошта треба да бидат колку што може поедноставни, придружени со детални инструкции, и со соодветно потврдување или давање гаранција на граѓаните дека тие соодветно ја завршиле задачата. Воведувањето нови процедури и технологии може да поттикне сомнеж, особено во поларизирани средини каде една или повеќе политички партии може да имаат придобивки од поткопување на легитимноста на процесот. Транспарентноста на информациите и давањето поддршка на граѓаните додека тие се запознаваат со новите методи, се клучни и за конечното прифаќање на резултатите.

> “Воведувањето нови процедури и технологии може да поттикне сомнеж, особено во поларизирани средини каде една или повеќе политички партии може да имаат придобивки од поткопување на легитимноста на процесот. Транспарентноста на информациите и давањето поддршка на граѓаните додека тие се запознаваат со новите методи, се клучни и за конечното прифаќање на резултатите.”

## Регистрација на гласачите

### Аспекти поврзани со објектите каде се врши регистрација на гласачите

Законската рамка со која се уредува начинот на кој се врши регистрација на гласачите се разликува од една до друга земја. Наједноставниот процес, кој го користат близу 36 проценти од земјите,[43] е кога изборните органи ги импортираат информациите за избирачкиот список директно од записите во матичната евиденција за граѓаните или евиденцијата на даночните управи. Изборните органи потоа вршат распределување на подобните гласачи по избирачки места и ги информираат за избирачкото место по е-мејл, текстуални пораки на телефоните или преку официјалните интернет страници. Меѓутоа, во повеќето земји, размената на тие информации мора да се одвива меѓу потенцијалните гласачи и изборните органи, која може да биде или лична или да се врши индиректно, како на пример преку формулари кои се праќаат по пошта или онлајн регистрација на гласачите.

Кај некои од процесите на регистрација на гласачи може да дојде до одредени собири на луѓе, особено на почетокот или при завршувањето на периодот за регистрација кога изборните органи и политичките партии го вршат регистрирањето на гласачите. Иако повеќето ризици кои се поврзуваат со личната регистрација на гласачите се слични со ризиците од личното гласање, таквите ризици се значително помали во првиот случај бидејќи вообичаено многу помал број на луѓе се регистрираат во ист ден. Покрај тоа, има и значително помал број на изборни службеници, претставници на медиуми, домашни и меѓународни набљудувачи и претставници на политичките партии за време на регистрацијата, и поради тоа и одржувањето на физичка дистанца е полесно. Сепак, доколку тоа го дозволуваат законските одредби, изборните органи треба да разгледаат можности за продолжување на периодот за регистрација или граѓаните да

се распределат по посебни дати за да се избегнат собири. Деталните препораки во однос на изборот на локација, планирање на поставеноста на тие локации, и дезинфекција на објектите може да се најдат во делот „Функционирање на избирачките места".

## Аспекти поврзани со опремата и материјалите за регистрација на гласачите

Во текот на последните две децении, земјите сè повеќе воведуваат решенија за биометриска регистрација на гласачите за да се намалат ризиците од измама. Овој пристап за јакнење на интегритетот на изборите ја подобри довербата на јавноста во избирачкиот список, но, исто така го усложни процесот на регистрација на гласачите и ги зголеми можностите за пренесување болести. Покрај тоа што се користат лаптопи, дигитални камери и скенери за отпечатоци на прсти за новата биометриска компонента, службениците кои ја вршат регистрацијата сепак треба да ги пополнуваат и традиционалните обрасци за регистрација. Изборните органи мора да бидат во можност ефективно да го намалат ризикот од пренесување на ковид-19 независно дали процесот се одвива на хартија или со електронска опрема.

Лицата кои се регистрираат како гласачи честопати треба да поднесат пополнети обрасци и официјални документи за лична идентификација на службениците кои ја вршат регистрацијата. На тие документи може да се задржат патогени и тоа неколку часа или денови,[44] и затоа доколку постои можност, треба да се избегне нивното користење. Постојат исто така и ризици од предметите и површините поради споделено користење на канцелариски материјали, како што се пенкала за пополнување и потпишување на пријавите за регистрација. Изборните органи треба да разгледаат начини како да ги охрабруваат лицата кои се регистрираат да користат сопствени пенкала, преку потенцирање на ова и на други барања (на пример, за бојата на мастилото) во кампањите за информирање на јавноста. Во канцеларијата за регистрација мора да бидат ставени на располагање доволен број пенкала за еднократна употреба и да се бара истите соодветно да се фрлаат, со оглед дека треба повеќе време да се дезинфицираат со марамчиња за дезинфекција по секоја употреба.

Друг голем ризик од пренесување на болеста во текот на овој процес се поврзува со соодветното одржување дистанца меѓу лицето кое се регистрира и службениците кои вршат регистрација. Треба да се изработи протокол со кој лицата кои се регистрираат ги ставаат своите документи на чиста површина на определена маса пред да се вратат на растојанието од 1.8 метри (кое е означено со посебни знаци на подот или на ѕидот) за да можат изборните службеници да пристапат до документот и да ги потврдат имињата, фотографиите и потписите. Или како алтернатива, лицата кои се регистрираат и службениците може да бидат одделени со прозрачни паравани од плексиглас кои често се дезинфицираат. Исто така, местата кои се определени за пополнување на формуларите од страна на лицата кои се регистрираат, треба често да се дезинфицираат и да бидат соодветно означени за да се одржува физичката дистанца со други лица.

Во земјите каде се користат најразлични форми на технологија за регистрација на гласачите, како што е проверка на биометриските податоци преку скенери за отпечатоци на прсти, дигитални камери и уреди за проверка на зениците на очите, треба да се применуваат дополнителни протоколи. Изборните органи мора да стапат во контакт со производителите за да добијат детални инструкции на кои производи може и како да се користат средства за дезинфекција без да се оштети опремата. Американската комисија за помош при избори има составено корисна листа на ресурси од разни добавувачи и производители со насоки како да се чистат машините за гласање и другата изборна технологија.[45] Технологијата за отпечатоци на прсти без допир и уредите за препознавање на лице, доколку ги има, се дури и подобра опција бидејќи така се избегнуваат целосно ризиците од инфицирани површини и предмети. Поновата технологија за препознавање на лицето може да ги идентификува гласачите дури и кога тие

носат маски. Службениците кои ја вршат регистрацијата мора да бидат постојано внимателни околу одржувањето физичка дистанца додека ги фотографираат лицата кои се регистрираат, или кога се проверуваат зениците на очите. Фотографирањето кое подоцна може да се користи за целите на препознавање на лицето обично значи и мало растојание меѓу камерата и предметот, односно помалку од 1.8 метри. Кај некои уреди, камерата е составен дел од пакетот за биометриска регистрација на гласачите, поради што операторот мора да биде во близина на лицата кои се регистрираат. Во тие случаеви, службениците за регистрација носат поробусна лична заштитна опрема.

Ако повеќе од еден службеник користат лаптоп или десктоп за регистрација на гласачите, машината треба да се дезинфицира по завршувањето на секоја смена, како и секоја друга периферна опрема, како што се глувчето и печатачот, и останатите канцелариски материјали кои рутински ги користат службениците кои вршат регистрација (на пр.:, хефталици, маркери, материјали кои се користат за прибирање на картичките за регистрација на гласачите).

## Ангажирање и обука на службениците кои работат на избирачките места

### Аспекти поврзани со службениците кои работат на избирачките места

Иако ниеден подобен граѓанин не смее да биде лишен од правото да биде службеник за спроведување на изборите на избирачките места, во вонредни околности, како што е јавно-здравствена криза, изборните органи треба да ги разгледаат аспектите на одредени рестрикции или предупредувања кога почнуваат со процесот на регрутирање. Првиот аспект кој треба да се разгледа се однесува на здравствените работници. За време на јавно-здравствена криза, како што е ковид-19, кога болниците и другите здравствени установи се преоптоварени, здравствените работници се постојано зафатени со големиот прилив на пациенти на кои им треба лекување. Особено во земјите каде е задолжителна обврската да се биде дел од избирачкиот одбор, изборните органи треба да размислат околу ослободување на сите здравствени работници од оваа должност. Исто така, од должноста на избирачките места треба да се ослободат и групи луѓе кои се во повисок ризик од инфекција или кои имаат потешки симптоми или кај кои е повисока стапката на смртност. Во случајот на ковид-19, се покажа дека постарите лица и лицата со нарушена здравствена состојба се во повисок ризик да бидат тешко заболени. Изборните органи треба да разгледаат како да се ослободат тие лица од должноста, или најмалку, да им се обезбеди целосна заштитна опрема и разумно приспособување за да може ефективно и безбедно да ја вршат должноста.

Покрај потенцијално намалената излезност на гласачите поради јавно-здравствената криза, изборните органи треба да разгледаат можност за обука на повеќе, наместо на помал број изборни службеници за избирачките места. Со оглед дека некои од нив може да се разболат, или треба да се грижат за болни роднини, или едноставно да се откажат заради страв од болеста кратко време пред одржување на изборите,[46] важно е да има квалификувана и обучена замена за нив.

### Аспекти поврзани со обуките за службениците кои работат на избирачките места

За време на јавно-здравствена криза, рутинските обуки за избирачките одбори и сите кои се вклучени во изборниот процес треба да бидат надополнети со дополнителна обука за стекнување основни сознанија за болеста, со посебен акцент на начините на кои се пренесува и методите со кои се спречува ширењето на болеста. Избирачките одбори мора да добијат и

посебни инструкции за тоа како да го заштитат своето здравје и здравјето на гласачите за време на изборниот процес, како што е како се носи маска и ракавици (кога тоа е применливо), кога и како да се дезинфицираат рацете и површините, како да се контролираат редиците и како да се потсетуваат гласачите за соодветно да се однесуваат во текот на целиот процес. Материјалите за обука мора да бидат прилагодени за да биде вклучена и оваа содржина и било кои посебни мерки до кои мора да се придржуваат и избирачките одбори и гласачите.

Изборните органи мора исто така да имаат предвид дека дури и на искусните членови на избирачките одбори ќе им треба дополнително внимание доколку се воведат нови процедури за изборниот процес како последица на јавно-здравствената криза. Целата нова содржина мора да биде јасно претставена во материјалите за обука и пренесена на членовите на избирачките одбори за да се одговори на прашања, да се дадат дополнителни појаснувања, и да се обезбеди сигурност дека тие го разбираат материјалот. Доколку е можно тие да бидат присутни на сесиите за обука, изборните функционери мора да ја земат предвид големината на групата која се обучува (со придржување до ограничувањата за бројот на лица кои може да бидат во група во било кое време) и растојанието меѓу учесниците на обуката, и префрлање на обуката во поголеми простории доколку има потреба од повеќе простор. Мора да се обезбедат сите неопходни материјали за дезинфекција на рацете и површините (види повеќе детали во „Функционирање на избирачките места"), и постерите со инструкции и потсетување за дезинфекција на рацете и респираторната хигиена да бидат поставени низ целиот објект.

### Аспекти поврзани со одржување далечински/виртуелни обуки

Доколку обуките за членовите на избирачките одбори може да се одржат на далечина, особено преку виртуелни сесии и онлајн платформи, така може да се реши проблемот околу собирите, меѓутоа, тука произлегуваат и други предизвици. Изборните органи мора да обезбедат дека сите членови на избирачките одбори може лесно да добијат пристап до обуката (потребна е голема пенетрација на интернетот и пристап до технологија ширум земјата и кај сите социјални групи) и форматот на обуката да биде инклузивен и пристапен за сите (на пр.: за лицата со попреченост и за поединци кои немаат доволно познавања за технологијата). Изборните органи може исто така да ја разгледаат можноста да се стават на располагање компјутери со пристап до интернет и асистенти кои ќе им помагаат на членовите на избирачките одбори да ја завршат обуката. На местата каде ќе се одржуваат обуките мора да се обезбедени сите стандардни практики за дезинфекција и одржување дистанца (т.е. соодветна дезинфекција по секој корисник и најмалку 1.8 метри растојание меѓу масите на кои се поставени компјутери), како и временски распоред за да се намали бројот на присутни лица во секое време во тие простории.

Покрај овие мерки за заштита на членовите на избирачките одбори кои добиваат обука, изборните органи треба да размислат и за техники со кои ќе бидат сигурни дека учесниците на обуката успеваат да ја завршат обуката и се имаат стекнато со целото потребно знаење кое требало да им се пренесе. Со оглед дека сесиите за обука се одвиваат на далечина, може да биде тешко за изборните органи да знаат дали учесниците ги гледаат видеата, ги читаат материјалите и внимаваат на содржината. Додека се подготвува виртуелниот материјал, изборните органи треба да размислат околу воведување начини за проверка дали е задржано вниманието, квизови и тестови пред и по обуката за да се следи ефективноста на обуката. Од членовите на избирачките одбори треба да се бара да постигнат одреден број поени пред да им се додели сертификат за завршена обука.

## Домашни и меѓународни набљудувачи на изборите и партиски претставници

### Аспекти поврзани со регрутирање и распоредување на домашни и меѓународни

## набљудувачи на изборите

Набљудувачите на изборите и партиските претставници се составен дел од изборниот процес и претставуваат важен заштитен механизам од нерегуларности и измама на избирачките места. За да се намалат ризиците по тие лица, изборните органи, набљудувачките организации и политичките партии може да земат предвид и намалување на бројот на набљудувачи и партиски претставници во секое изборно место или пак да се овозможи нивно ротирање со цел помал број на луѓе да бидат присутни во исто време на исто место. Покрај намалувањето на нивниот број, набљудувачите и партиските претставници може да ги намалат здравствените ризици доколку избегнуваат директен физички контакт со гласачите, изборните службеници, или изборниот материјал и да ја одржуваат препорачаната физичка дистанца. Набљудувачите и партиските претставници треба да носат маски за да се намалат ризиците од пренесување на болеста.

Пред да бидат распоредени, исто како и за обуките за членовите на избирачките одбори, набљудувачките организации и политичките партии мора исто така да им обезбедат на набљудувачите и партиските претставници едукативни материјали и обука за корона вирусот и начините на кои се пренесува и на кој начин адекватно да ја носат заштитната опрема, да вршат дезинфекција на рацете и да практикуваат респираторна хигиена. Изборните органи, политичките партии и набљудувачите организации треба исто така и да ги ослободат лицата кои спаѓаат во високоризичните групи и здравствените работници од учество во директното набљудување на изборите и да обезбедат дека тие се потполно свесни за ризиците од нивното учество.

## Аспекти поврзани со акредитација на набљудувачите и партиските претставници

Иако нивните улоги се разликуваат, и изборните набљудувачи и партиските претставници секогаш мора да бидат акредитирани од страна на изборните органи пред да почнат да ја вршат својата должност. Тоа честопати значи дека изборните службеници мора да примат и обработат голем број пријави за акредитација во доста ограничен временски период. Процесот на акредитација станува сѐ подетален. Домашните организации мора најпрво да поднесат пријава до изборните органи за да бидат сертифицирани како субјекти за набљудување на изборите. По сертифицирањето, организацијата пополнува пријава за секој од набљудувачите поединечно. Во некои случаеви, тоа може да се направи онлајн на посебна интернет страница за таа намена.[47] Откако ќе бидат одобрени од страна на изборниот орган, се изработуваат беџови за акредитација и се даваат на субјектот за набљудување да изврши интерна дистрибуција. Меѓутоа, многу почесто се применуваат мануелни процеси, и од секој набљудувач поединечно се бара да дојде лично во определена теренска канцеларија на изборниот орган. Во тие канцеларии, тим од службеници ги прима и обработува формуларите на пријавите и издава беџови на кои стојат лични детали за лицето, вклучително и фотографија. Во некои земји, фотографирањето се прави на лице место од страна на службениците. Повремено може да се наплати и одреден надомест, односно плаќање во готовина или со префрлање средства од картица од едно на друго лице. Акредитацијата на партиските претставници, исто така, е честопати процес составен од два чекори, иако изборните органи вообичаено сметаат дека партиите или кандидатите кои се успешно регистрирани автоматски се квалификуваат да поднесат пријава за партиски претставник. Степенот на интеракција човек со човек во овој процес може да биде сличен со набљудувачите бидејќи партиските претставници честопати мора да бидат лично присутни за да ги потпишат формуларите за акредитација и да ги фотографираат за беџот.

За да се намалат ризиците од пренесување на ковид-19 во канцелариите на изборните органи кои се одговорни за акредитација на изборните набљудувачи и за партиските претставници, тоа подразбира комбинација на пристапи кои се користат при регистрација на гласачите и за

работењето на избирачките места. Кога се користи интегриран компјутеризиран систем за акредитација за добивање на лични податоци и фотографии, треба да се земат предвид стандардните протоколи кои претходно беа наведени во врска со користењето на техничката опрема. За повеќе детали види „Регистрација на гласачи“ и „Функционирање на избирачките места“. Покрај тоа, во текот на целиот процес на акредитација треба да се спроведува соодветна размена на документи, потпишување на обрасци, како и дезинфекција на површини кои заеднички се користат и допираат во канцеларијата за акредитација. Доколку постои можност, изборниот орган треба да разгледа и воведување или проширување на онлајн процесот за акредитација за да се намали потребата од лично присуство за акредитација. Исто така, изборните органи треба да ги вклучат сите јавно-здравствени аспекти во нивните упатства за акредитација на изборните набљудувачи и партиските претставници.

# Фаза II: Денот на изборите и постизборните процеси

## Функционирање на избирачките места

Најголем број луѓе кои се во меѓусебна интеракција обично се собираат при процесот на гласање со гласачко ливче на денот на изборите, и тоа претставува најголем потенцијал за пренесување на болеста. Исто така, на денот на изборите најголем број луѓе од близу се вклучени во изборниот процес и ја формираат својата перцепција, вклучително и за тоа колку се соодветни процедурите и генерално за интегритетот и кредибилноста на изборите. За среќа, избирачкото место е опкружување во кое изборните органи можат да одржат најголема контрола, и мора да се вложат напори за да се одржи нулти ризик во секое од избирачките места. Дури и кога ниеден од гласачите или членовите на избирачките одбори немаат симптоми на ковид-19, доколку се носители, тие сепак можат да ја пренесуваат болеста на другите и додека се асимптоматични, и заради таа причина, мора да се преземаат сите мерки на претпазливост бидејќи секое лице кое се наоѓа во избирачкото место може да се зарази.

### Аспекти поврзани со локацијата на избирачките места

Дури и кога предвид ќе се земат сезонските аспекти (види „Планирање на изборите и ресурсите“), лошото време може да влијае на изборите и заради тоа да има голема концентрираност на луѓе внатре во просториите. Изборните службеници мора да идентификуваат места кои се доволно големи за безбедно собирање на поголем број луѓе во случај на дожд и грмотевици. Во идеални услови, во објектите би требало да има отворен простор или неколку прозорци и врати, што би овозможило колку што може повеќе природна вентилација. Доколку постои можност, седењето и чекањето во ред треба да се организираат на начин на кој ќе се избегне пренесувањето на респираторните капки од едно на друго лице. Тие места треба да бидат во јавни објекти или друг јавен простор, но, истите треба да бидат идентификувани однапред. Изборните службеници мора да обезбедат дека избраните објекти се пристапни и мора да бидат запознаени со планови за постапување во непредвидени ситуации за да можат да ги насочат гласачите кон тие покриени места додека се спроведуваат протоколите за влез во објектите, физичко дистанцирање, дезинфекција на рацете и излез од објектите.

Покрај наоѓање на објекти со соодветна големина каде има и покриен дел, изборните органи, исто така треба да обезбедат избирачки места на локации во безбедни области кои се пристапни и кои нема да го зголемат ризикот за групите кои се во ризик. На пример, ако децата се поранливи на болеста, избирачките места не треба да бидат сместени во училиштата. Во однос

на ковид-19, со оглед дека постарите лица и лицата со други здравствени состојби се во поголем ризик да бидат тешко заболени, изборните органи треба да разгледаат опции да ги префрлат избирачките места од областите каде овие ризични групи се собираат или живеат, како што се објекти за асистирано живеење и болници. Меѓутоа, важно е да се истакне дека со тие измени, во ниедни околности, не смее да се лишат ризичните групи од нивното право на глас. Изборните органи, зависно од законската рамка во земјата во која постапуваат, треба да разгледаат и алтернативни опции за тие гласачи како што се издавање на гласачки ливчиња за оние кои не се во можност да дојдат во избирачкото место или гласачки ливчиња кои се испраќаат по пошта, овозможување на гласање со полномошник, или определување на посебно време за тие гласачи да го дадат својот глас за да не поминуваат време чекајќи во ред и да бидат во потенцијален контакт со други лица.

## Аспекти поврзани со внатрешната поставеност на избирачкото место

Начинот на кој ќе биде уредена внатрешната поставеност на избирачкото место исто така треба многу внимателно да се планира. Масите и столиците за членовите на избирачките одбори треба да бидат поставени на начин на кој има придржување до физичката дистанца, и службениците треба да го контролираат протокот на гласачи во секоја фаза од избирачкиот процес за да се избегне личен контакт и да се овозможи време за дезинфекција на опремата. Изборните органи, исто така, треба да разгледаат дали може да се отстранат одредени чекори кои може да доведат до непотребно допирање предмети. На пример, изборните органи може да претпочитаат објекти со помалку врати или врати кои се отвораат и затвораат автоматски за да се избегне допирање на кваките и користење на фиксни паравани наместо завеси за да се избегне допирање на ткаенината од страна на гласачите. Места каде може да седнат повеќе лица, како што се клупи и столици поставени една до друга треба да се забранат, и во избирачките места треба да има колку што може помалку предмети или површини кои не се неопходни. Доколку ги има на располагање, на масите во избирачкото место може да се постават паравани од плексиглас или други прозрачни материјали за да се постави дополнителна заштитна бариера помеѓу членовите на избирачкиот одбор и гласачите и да се помогне да се спречи пренесувањето на респираторните капки од едно на друго лице. Параваните треба често да се дезинфицираат.



*Иако завесите може да обезбедат тајност на гласањето, тие треба да се избегнуваат за време на кризата со ковид-19 за да се намалат шансите за пренесување на вирусот*

## Аспекти поврзани со протоколите за чекање во ред и процедурите за влез и излез

Бидејќи денот на изборите е оној дел од процесот кога се собираат најголем број луѓе, тоа е исто така и време на најголем ризик. Иако општите принципи за физичко дистанцирање треба да се почитуваат за време на сите социјални собири, за денот на изборите треба да се воспостават посебни правила за да се обезбеди одржувањето физичка дистанца додека се чека во ред преку примена на едноставните системи кои претходно беа опишани со јаже со мали јазли или ленти поставени на 1.8 метри растојание за да се помогне на задолжените службеници да го одржуваат растојанието.  За да се избегне допирање на јажето, уште подобро е да се постават знаци со леплива лента каде секое лице треба да застане. Во сите избирачки места каде треба да се стои во ред, едукативните постери треба да се однесуваат на физичкото дистанцирање и на начините на кои се пренесува болеста, и членовите на избирачкиот одбор треба да бидат задолжени да ги спроведуваат насоките за одржување физичко дистанцирање во редот.

За да се намали ризикот од личен контакт меѓу лицата во текот на процесот на гласање, изборните органи треба да изработат протоколи со кои е утврден патот на движење на гласачите од самиот почеток до крајот. Во однос на ковид-19, тие протоколи треба да вклучуваат дезинфекција на рацете на влез и пред гласањето, и по можност, пред излегувањето како дополнителна мерка на претпазливост. Гласачите се охрабруваат да ја покријат устата и носот со маски за време на целиот процес за да се минимизира ширењето на респираторните капки. Кога не може да се набават доволно професионални маски, гласачите може да користат едноставна маска од густа памучна ткаенина која ќе ја направат во домашни услови, на пример од јоргански или памучни чаршафи.

Лицата кои се дијагностицирани со корона вирус и можат да излезат од дома за да гласаат, треба да добијат инструкции да гласаат во одредени избирачки места, во посебни редици и гласачки паравани, или да одат во гласачкото место во одреден временски период за да се избегне контакт со здрави поединци. Изборните службеници кои се назначени во тие избирачки места треба да добијат дополнителна лична заштитна опрема, како што се комбинезони за еднократна употреба и медицински визири за лицето. Исто така, изборните органи треба да обезбедат дека тие изборни службеници се согласуваат да ја прифатат таа позиција и да размислат околу одредени мерки за нивна стимулација.

Исто така, изборните органи треба да размислат околу одредување на конкретно време само за гласање на ризичните групи или да организираат посебен ред за тие лица за да се намали времето кое тие треба да го поминат во таков собир.

## Аспекти поврзани со проверка на идентитетот на гласачите и чинот на гласање

Во разни земји постојат различни начини на кои се проверува идентитетот на гласачите и различни начини на кои се гласа. Методите за проверка на идентитетот на гласачите вклучуваат на пример скенирање на отпечатоците од прсти, давање на документ за лична идентификација на увид, или потпишување на избирачкиот список. Самиот чин на гласање може да биде по пат на означување на гласачкото ливче или со користење на машина за гласање. Речиси за сите овие методи е неопходна некаква форма на ракување со или допирање на предмети. Како и за останатите мерки за превенција на пренесување на болеста преку предмети и површини, препораките кои се даваат за процесот на проверка на идентитетот на гласачите и самиот чин на гласање  имаат за цел да се намали потребата од ракување со предмети и допирање, и притоа да се обезбеди дека заразените лица нема да ги контаминираат предметите кои треба да ги допрат и други лица, или пак контаминираните предмети да се дезинфицираат пред да се пренесе заразата на други лица.

На пример, непотребното допирање на личните карти на гласачите може да се избегне преку изработка на протоколи со тоа што секој гласач го става својот документ за лична идентификација на чисто место на масата пред повторно да се оддалечи на потребното растојание, членовите на избирачкиот одбор да му пристапат на документот и без да го допираат да го потврдат името, фотографијата и потписот. Кога се бара потпис за да се потврди идентитетот на гласачот или кога гласачите треба да ги означат гласачките ливчиња, изборните органи може да обезбедат пенкала кои се за една употреба, да ги охрабруваат гласачите да носат свои пенкала од дома или да се дезинфицираат пенкалата по секој гласач, што претставува временски исцрпна задача. Дезинфицирањето на рацете пред секоја од процедурите сѐ уште се препорачува за да се избегне контаминација и на избирачкиот список. Исто така, гласачите треба целосно да ги исушат рацете за да се избегне оштетување на хартијата.

За користење на повеќето биометриски скенери и машини за електронско гласање неопходно е гласачите да допрат екран. Исто како и препораката за биометриските уреди за регистрација на гласачите,  и тука изборните органи може да стапат во контакт со производителите за тоа кои производи може да се употребуваат и како истите да се користат за дезинфекција на уредите без да се оштетат. Технологијата за отпечатоци на прсти која функционира без допир и уредите за препознавање на лице, кога ги има на располагање, се уште подобра опција бидејќи така целосно се избегнува ризикот од ширење на заразата преку предмети и површини. За машините за електронско гласање вообичаено се бара од гласачите да допрат екран или копче, и затоа изборните органи треба да научат како се дезинфицира таквата опрема без да се оштети или да користат заштитна фолија за еднократна употреба или друг прозрачен материјал за да се избегне директен контакт со овие површини.





*Неизбришливо мастило може да го нанесуваат директно изборните службеници или гласачите.*
*Треба да се даде предност на апликатори за кои нема потреба од човечки контакт.*

Конечно, ако се користи за неизбришливо мастило за да се обележат гласачите кои веќе го дале својот глас,  изборните органи треба да ги охрабруваат гласачите да ги дезинфицираат рацете на еден од препорачаните начини и целосно да ги исушат пред да им се стави мастилото на прстите или ноктите на прстите.  Гласачите исто така треба да почекаат да се исуши мастилото пред да ги дезинфицираат рацете повторно за да се постигнат подобри резултати. Доколку постои можност, изборните органи треба да користат садови од кои мастилото може директно да се нанесе (како што се шишиња) за да се намали потребата од контакт меѓу изборните службеници и гласачите.[48]

## Аспекти поврзани со асистираното гласање

Некои гласачи, особено гласачите со попреченост, може да имаат потреба од асистивни уреди или помош од друго лице при гласањето. Доколку се користат слушалици, водичи за тактилен шаблон за гласање, или други помошни уреди за да им се помогне на лицата со попреченост да го дадат својот глас самостојно и по таен пат, таквата опрема треба соодветно да се дезинфицира по секој гласач кој ја користел. Кога е побарана помош од друго лице, најверојатно е дека нема да може да се одржи бараната физичка дистанца, а лицето кое пружа помош и лицето на кое му се помага треба да носат лична заштитна опрема (маска за лице или визир) и да ги дезинфицираат рацете пред и по гласањето.



*Жена добива помош при гласање во Непал. Физичката дистанца не може секогаш да се одржи за време на асистирано гласање и се препорачува заштитна опрема*

## Аспекти поврзани со тоалетите

Тоалетите вообичаено претставуваат посебен предизвик за време на масовни собири, бидејќи тешко може да се контролира однесувањето во изолирани места и тоа е место каде најверојатно е да дојде до размена на телесни течности.

Тоа е исто така место каде ќе се упатат лицата кои не се чувствуваат добро доколку се закашлаат. За да се овозможи полесно и попристапно миење на рацете и да се избегнат гужви по тоалетите, станиците за миење раце/дезинфекција на раце со сапун и вода или алкохолни раствори треба да се поставаат надвор од тоалетите и да се следат потребите за пристапност. Зависно од културолошките очекувања, тие станици може да бидат поделени според пол за да се избегне застрашувањето на гласачите од женски пол. Кога постои можност, треба да се обезбедат и опции за родово неутрални тоалети. Во близина на тие станици треба да се поставаат постери со инструкции и потсетување за темелна дезинфекција на рацете.

## Аспекти поврзани со безбедноста на избирачките места

Во неколку земји веќе се распоредува кадар за обезбедување за да се одржи мирот и цивилизираното однесување на избирачките места за време на избори. За време на јавно-здравствена криза, работата на обезбедувањето е усложнета заради стравот и тензијата кои ги чувствуваат гласачите, кое пак потенцијално може да доведе до ескалација на конфликт. Перцепцијата дека секој поединец може да претставува закана по здравјето придонесува за таквата тензија и изборните органи мора да преземаат мерки на претпазливост за да се спречат гласачите и кандидатите да ја искористат таквата состојба. На лицата од обезбедувањето треба да им се обезбеди посебна обука за сите мерки за намалување на ризиците кои се воведени и како да ги спроведуваат без да се изложуваат себеси или прекршителите на ризик по здравјето. Од клучна важност е кога лицата од обезбедувањето ги спроведуваат правилата за одржување физичка дистанца или други правила, да не користат прекумерна сила.

## Аспекти поврзани со отпадот

Иако досега не постојат докази за трансмисија на ковид-19 преку ракување со отпад, вклучително и медицински отпад, сите материјали кои се користеле за дезинфекција на  лица и површини и предмети за една употреба кои не се дезинфицираат (на пр.: пенкала, заштитна фолија за една употреба) треба да се сметаат како потенцијални места за зараза и соодветно да се собираат во посебни контејнери и ќеси.[49] Исфрлањето на потенцијално инфициран отпаден материјал треба да се прави согласно насоките дадени од здравствените власти во земјата. За време на избори, хартиени марамици, марамици за дезинфекција, ракавици, маски, пенкала за една употреба, заштитна фолија и друг отпаден материјал мора да се фрлаат во соодветни контејнери и ќеси. Изборните службеници и домарите кои го собираат таквиот отпаден материјал треба да носат посебни ракавици и маски за да отпадот се транспортира до најблиската здравствена установа каде има место за фрлање на  инфективен отпад или други места за отпад. Тој процес треба да се темели на упатства кои се добиени директно од здравствените власти.

## Аспекти поврзани со продолжување на деновите за гласање

Како што и претходно беше споменато во овој документ, чекањето во ред и други процедури на избирачките места може да ги изложат гласачите на поголем ризик да бидат во директен контакт со други лица или со респираторни капки. Одржувањето физичка дистанца може подобро да се спроведе во текот на овие процедури доколку се намали бројот на лица, меѓутоа, сите гласачи треба да можат да го остварат своето право на глас.  Кога тоа го дозволуваат законските одредби,  изборните органи може да го продолжат периодот на гласање со цел секој ден да има помал број гласачи во избирачките места. За да се обезбеди балансирана распределба на гласачите по ден, на пример, изборните органи може да ги поделат гласачите по иницијалите на името или по адресата.

> "Физичката дистанца може подобро да се одржува со помалку луѓе, меѓутоа, сите гласачи треба да можат да го остварат своето право на глас."

## Аспекти поврзани со гласање по пошта, оставање на гласачкото ливче на собирни места/гласање на лица кои не можат да обезбедат присуство

Еден начин да се избегне чекањето во ред и ризикот од пренесување на болеста во текот на горенаведените процедури за гласање во избирачките места, и тоа во земјите каде тоа е предвидено во законската рамка, е да се поднесуваат гласачките ливчиња по пошта или да се ставаат во гласачки кутии кои се поставени на ивичниците на тротоарите. Иако со овој метод постои многу мал ризик од инфекција за изборните службеници и гласачите, изборните органи сепак треба да земат предвид и други фактори. На пример, вирусите и патогените може одреден период да се задржат на некои површини, што значи дека некои може да се задржат на гласачките ливчиња или на пликоата и со тоа да се инфицираат изборните службеници кои ги примаат и обработуваат гласовите. Во однос на корона вирусот,  една неодамнешна студија укажува дека вирусот може да се задржи на хартија од три часа до пет дена, иако, дури и да е активен во следните денови,  количината на активни патогени ќе биде околу 0.1 процент од првичниот вирусен материјал.[50] Како мерка на претпазливост, гласачите треба темелно да ги дезинфицираат рацете по користењето на гласачкото ливче и пликото и да користат самолеплив плик или влажен сунѓер за да се активира лепилото наместо да го лижат. Како алтернатива на тоа,  тие може да го оставаат материјалот недопрен најмалку пет дена пред да се земе в раце.

## Броење на гласовите и утврдување на резултатите

### Аспекти поврзани со ракување со гласачките ливчиња и записниците при броењето на гласовите во избирачките места



*Избирачкиот одбор го покажува секое гласачко ливче на набљудувачите и партиските претставници од дистанца*

Во многу земји, клучниот дел од процесот на изборни резултати започнува во избирачките места со рачно пребројување на хартиените гласачки ливчиња од страна на членовите на избирачкиот одбор. Потоа, се собираат листите со резултати од поединечни избирачки места, честопати на ниво на изборна единица, и резултатите ги објавува определено службено лице. Во други земји се користи директно евидентирање на машините за електронско гласање во избирачките места кои автоматски го пресметуваат бројот на гласови и ги пренесуваат резултатите до централна локација за потврда и натамошна табулација. Има и примери каде гласачите го означуваат својот избор на гласачкото ливче кое потоа се скенира и обработува.

Кога хартиените гласачки ливчиња се пребројуваат во избирачките места од страна на изборните службеници, треба да се направат одредени прилагодувања на вообичаениот процес за да се гарантира безбедноста по нивното здравје. Еден аспект кој треба да се земе предвид е просторот кој е потребен на масата за пребројување гласачки ливчиња и притоа да се одржува физичката дистанца меѓу лицата кои го следат пребројувањето. Бидејќи и партиските претставници и набљудувачи треба исто така да ја вршат својата должност за време на овој клучен дел од процесот на утврдување на резултатите, секое гласачко ливче треба да им се покаже поединечно (без да им се дозволи да го допрат) пред истото да се стави во соодветната група. Така ќе се зголеми транспарентноста, но и ќе се забави броењето гласови. Откако се избројани сите гласачки ливчиња и се утврдени резултатите за гласачкото место, записниците треба да бидат потпишани од одреден број членови на избирачкиот одбор, како и од страна на партиските претставници и набљудувачите. Секој кој го потпишува записникот треба да користи свое пенкало и документот да го потпишуваат еден по еден и притоа да се одржува физичка дистанца.

### Аспекти поврзани со транспортот на гласачките ливчиња и друг изборен материјал

Доверливиот изборен материјал, како што се записниците со резултати, избирачките списоци и гласачките ливчиња, вообичаено се транспортираат од избирачките места до централна локација каде се собираат и објавуваат резултатите. Материјалите обично се носат во пластични прозрачни запечатени ќеси и се чуваат во запечатени гласачки кутии. За време на транспортот, материјалот се носи честопати во придружба на претставници од избирачкиот одбор, набљудувачи, партиски претставници и полиција. За да се намалат ризиците од пренесување на болеста додека се пренесува доверливиот изборен материјал во возила, сите кои се вклучени треба да носат маски. Кога постои можност, изборните органи треба да разгледаат можност за поставување уреди за следење, како што се камери и GPS уреди за следење и на тој начин набљудувачите и партиските претставници ќе можат од далечина да го следат транспортот на избирачкиот материјал.

### Аспекти поврзани со процесот и местото на утврдување на резултатите

Функционирањето на централните локации каде се утврдуваат резултатите, честопати подразбира и потреба од поголем број на ангажиран кадар кој ќе го прима, обработува, собира изборниот материјал од поголем број избирачки места. Некогаш може исто така да биде ангажиран и побројен кадар за обезбедување. Во главни црти, одржувањето физичка дистанца е важно во текот на секоја фаза од процесот на утврдување на резултатите. Избирачките одбори честопати се соочуваат со ситуации кога оние на кои треба да им се изврши примопредавање се преоптоварени со работа и тоа предизвикува доста чекање. Откако ќе се предаде материјалот, истиот го преземаат лицата кои вршат проверка и потврда, и откако сѐ биде евидентирано и внесено во системот, материјалот привремено се складира пред да започне собирањето на резултатите. Кога резултатите ќе бидат конечно собрани и потврдени, се потпишуваат записниците со резултатите и истите се скенираат за да се пренесат до седиштето на изборниот орган. Постојат примери и кога се користи онлајн веб базиран систем кој се користи за собирање на резултатите. За секој од овие процеси е неопходно да се предадат голем број хартиени обрасци за преглед и потпис, како и да се користат компјутери за внес на податоци, скенери за препраќање на резултатите, и проектори за да се покаже на набљудувачите и партиските претставници како постепено се менуваат резултатите. Стандардните препораки кои се наведени во претходните делови за одржување физичка дистанца, дезинфекција на рацете и опремата, и за употреба на лична заштитна опрема, важат и тука.

## Мониторинг и контрола на квалитетот

Активностите за мониторинг и евалуација треба да се насочени кон следење на степенот до кој се спроведуваат начините за намалување на ризиците. Треба да се изработат листи за проверка за конкретните активности за мониторинг и истите да ги пополнуваат назначени изборни службеници, особено на денот на изборите. Доколку постои можност, податоците кои се евидентираат во листите за проверка треба да бидат потврдени по пат на ненајавени проверки по случаен избор од страна на виши супервизори. На тој начин, ќе може да се спроведе систематски мониторинг на усогласеното постапување и податоците ќе може да се собираат на централно ниво за да се увидат пропустите во системот и да се обезбедат научени лекции за идни настани од поголем размер.

Иако не постои можност да се докаже колкав број на нови случаи на ковид-19 се избегнати како резултат на ефективно спроведување на мерките, доколку во рок од 14 дена по одржувањето на изборните активности бројот на нови случаи е вообичаен или намален, тоа треба да биде добар знак дека изборите не придонеле за зголемено пренесување на болеста.

# Фусноти

1 Global Impact of COVID-19 on Elections. (March 20, 2020). Преземено од https://www.ifes.org/publications/global-impact-covid-19-elections

2 Buril, F. Darnolf, S. Low Voter Turnouts, Fear, Disinformation and Disrupted Supply Chains: How Election Commissions Are Unprepared for COVID-19 (2020, March 27). IFES. Преземено од https://www.ifes.org/news/low-voter-turnouts-fear-disinformation-and-disrupted-supply-chains

3 Keilman, J. (2020, April 13). "After Chicago poll worker dies from COVID-19 and others test positive, city warns voters they might have been exposed to virus at polling places. *Chicago Tribune*. Преземено од https://www.chicagotribune.com/coronavirus/ct-chicago-poll-worker-dies-covid-cornavirus-20200413-rz-55vqpo6jfbxn7e4i6vkj6n2y-story.html

4 Modes of transmission of virus causing COVID-19: implications for IPC precaution recommendations. (n.d.). World Health Organization. Преземено од https://www.who.int/news-room/commentaries/detail/modes-of-transmission-of-virus-causing-covid-19-implications-for-ipc-precaution-recommendations

5 How Coronavirus Spreads. (2020, April 13). U.S. Centers for Disease Control and Prevention. Преземено од https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-ncov/prevent-getting-sick/how-covid-spreads.html

6 Definitions: emergencies. (2014, November 17). World Health Organization. Преземено од https://www.who.int/hac/about/definitions/en/

7 Rosenthal U, Charles MT, & 't Hart, P. (Eds). (1989). *Coping with crises: the management of disasters, riots and terrorism*. Springfield: Charles C. Thomas.

8 Marisam, J. (2010). Judging the 1918 election. *Election Law Journal*, 9(2), 141-152.

9 Banbury, A. (2020, April 8). Opinion: Elections and COVID-19 - what we learned from Ebola. *Devex*. Retrieved from https://www.devex.com/news/opinion-elections-and-covid-19-what-we-learned-from-ebo- la-96903

10 Delury, J. (2020, April 16). How Democracy Won the World's First Coronavirus Election. *New York Times*. Преземено од https://www.nytimes.com/2020/04/16/opinion/south-korea-election-coronavirus.html

11 Taylor, D. B. (2020, April 28). How the Coronavirus Pandemic Unfolded: a Timeline. *The New York Times*. Преземено од https://www.nytimes.com/article/coronavirus-timeline.html

12 WHO Director-General's opening remarks at the media briefing on COVID-19 - 11 March 2020. (n.d.). Преземено од https://www.who.int/dg/speeches/detail/who-director-general-s-opening-remarks-at-the-media-briefing-on-covid-19---11-march-2020

13 What is a coronavirus? World Health Organization Sri Lanka. Преземено од https://www.who.int/docs/default-source/inaugural-who-partners-forum/coronavirus-poster-english-srilanka.pdf?sfvrsn=289dedc3_0

14 Symptoms of Coronavirus. (2020, March 20). U.S. CDC. Преземено од https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-ncov/symptoms-testing/symptoms.html

15 Huang, P. (2020, April 13). What We Know About The Silent Spreaders Of COVID-19. *NPR*. Преземено од https://www.npr.org/sections/goatsandsoda/2020/04/13/831883560/can-a-coronavirus-patient-who- isnt-showing-symptoms-infect-others

16 Mandavilly, A. (2020, April 20). Infected but Feeling Fine: the Unwitting Coronavirus Spreaders. *The New York Times*. Преземено од https://www.nytimes.com/2020/03/31/health/coronavirus-asymptomat- ic-transmission.html

17 Columbia Health, & Columbia Health. (2020, March 26). COVID-19 (Novel Coronavirus): Frequently Asked Questions. Преземено од https://preparedness.columbia.edu/news/2019-novel-coronavirus-frequent- ly-asked-questions

18 Symptoms of Coronavirus. (2020, March 20). Преземено од https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-ncov/symptoms-testing/symptoms.html

19 Modes of transmission of virus causing COVID-19: implications for IPC precaution recommendations. (n.d.). WHO Преземено од https://www.who.int/news-room/commentaries/detail/modes-of-transmission-of-virus-causing-covid-19-implications-for-ipc-precaution-recommendations

20 How Coronavirus Spreads. (2020, April 13). U.S. CDC. Преземено од https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-ncov/prevent-getting-sick/how-covid-spreads.html

21 Based on information from Kampf G, Todt D, Pfaender S, Steinmann E. Persistence of coronaviruses on inanimate surfaces and their inactivation with biocidal agents. *J Hosp Infect*. 2020;104(3):246–251. doi:10.1016/j.jhin.2020.01.022. The longevity of the virus was measured at room temperature (20-22 °C or 68-72 °F)

22 Advice for public. (n.d.). WHO. Преземено од https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/advice-for-public

23 Social Distancing, Quarantine, and Isolation. (2020, April 4). U.S. CDC. Преземено од https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-ncov/prevent-getting-sick/social-distancing.html

24 Bourouiba, L. (2020). Turbulent gas clouds and respiratory pathogen emissions: potential implications for reducing transmission of COVID-19. Jama.

25 Frequently Asked Questions About Respiratory Hygiene/Cough Etiquette. Virginia Department of Health. Преземено од https://www.vdh.virginia.gov/content/uploads/sites/3/2016/01/RespiratoryHygiene-CoughEtiquette_FAQ.pdf

26 Interim recommendations on obligatory hand hygiene against transmission of COVID-19. (n.d.). WHO. Преземено од https://www.who.int/who-documents-detail/interim-recommendations-on-obligato- ry-hand-hygiene-against-transmission-of-covid-19

27 Hand hygiene in health care in the context of Filovirus disease outbreak response. (2020, March 12). WHO. Преземено од https://www.who.int/csr/resources/publications/ebola/hand-hygiene/en/

28 List N: Disinfectants for Use Against SARS-CoV-2. (2020, April 24). Преземено од https://www.epa.gov/pesticide-registration/list-n-disinfectants-use-against-sars-cov-2

29 Chan, K. H., Peiris, J. S., Lam, S. Y., Poon, L. L. M., Yuen, K. Y., & Seto, W. H. (2011). The effects of tem- perature and relative humidity on the viability of the SARS coronavirus. *Advances in virology*, 2011.

30 The legal aspects of election postponements are discussed in a forthcoming paper in this series, Legal and Constitutional Considerations for Postponing or Modifying Election Processes

31 Ellena, K. The Legal Quagmire of Postponing or Modifying Elections. (2020, April 14). IFES. Преземено од https://www.ifes.org/news/legal-quagmire-postponing-or-modifying-elections

32 Lipsitch, M. (2020). Seasonality of SARS-CoV-2: Will COVID-19 go away on its own in warmer weath- er? Center for Communicable Disease Dynamics. Преземено од https://ccdd.hsph.harvard.edu/will-covid-19- go-away-on-its-own-in-warmer-weather/

33 Global surveillance for COVID-19 caused by human infection with COVID-19 virus – Interim guidance. (2020, March 20). WHO. Преземено од https://apps.who.int/iris/bitstream/handle/10665/331506/WHO-2019-nCoV-SurveillanceGuidance-2020.6-eng.pdf

34 Palca, J. (2020, March 6). Respirators Key To Coronavirus Battle But They Must Be Worn Correctly. *NPR*. Преземено од https://www.npr.org/2020/03/06/812789168/respirators-key-to-coronavirus-battle-but- they-must-be-worn-correctly

35 Use Cloth Face Coverings to Help Slow Spread. (2020, April 13). U.S. CDC. Преземено од https://www.cdc.gov/coronavirus/2019-ncov/prevent-getting-sick/diy-cloth-face-coverings.html

36 Groth, L., & Groth, L. (2020, April 8). Your Gloves Probably Aren't Helping You Prevent Coronavirus at the Grocery Store. Преземено од https://www.health.com/condition/infectious-diseases/coronavirus/should- you-wear-gloves-to-the-grocery-store

37 Steussy, L., & Weiss, S. (2020, April 22). Why wearing gloves to the grocery store isn't fighting coronavirus. Преземено од https://nypost.com/2020/04/22/why-wearing-gloves-to-the-grocery-store-isnt-fighting-coronavirus/

38 Rauhala, E. (2020, March 14). Some countries use temperature checks for coronavirus. Others don't bother. Here's why. *The Washington Post*. Преземено од https://www.washingtonpost.com/world/coronavirus-temperature-screening/2020/03/14/24185be0-6563-11ea-912d-d98032ec8e25_story.html

39 Saey, T. H. (2020, April 16). COVID-19 may be most contagious one to two days before symp- toms appear. Преземено од https://www.sciencenews.org/article/coronavirus-covid-19-infection-conta- gious-days-before-symptoms-appear

40 Покрај фотографирање, пријавите за регистрација на кандидати често вклучуваат информации кои се однесуваат на партиската определба, симболи и доказ за дадени потписи за поддршка и платени давачки за кандидатурата.

41 Сеопфатна анализа на врска меѓу ковид-19 и кампањите со дезинформации следуваат во оваа серија публикации.

42 Niebaum, K., Cunningham-Sabo, L., & Bellows, L. (2015). Developing Effective Educational Materials Using Best Practices in Health Literacy. *Journal of Extension*, 53(4), n4.

43 How is the national electoral register created? (n.d.). International IDEA. Преземено од https://www.idea.int/data-tools/question-view/735

44 Identity documents come in wide variety of designs and materials, including simple paper-based booklets, cold laminated temporary ID cards, and more traditional flexible polyvinyl chloride composites material. In some places, like Zimbabwe, national ID cards are made out of metal.

45 Vendor and Manufacturer Guidance on Cleaning Voting Machines and Other Election Technology: U.S. Election Assistance Commission. (n.d.). Преземено од https://www.eac.gov/election-officials/vendor-and-manufacturer-guidance-cleaning-voting-machines-and-other-election

46 Behrens, C.; Rouan, R. (2020, March 12). Ohio elections boards frantically seeking poll workers due to coronavirus outbreak. *The Columbus Dispatch*. Преземено од https://www.dispatch.com/news/20200312/ohio-elections-boards-frantically-seeking-poll-workers-due-to-coronavirus-outbreak

47 За процес на акредитација базиран на интернет, види 2019 Presidential election in Afghanistan (пристапено на 19 април 2020).

48 Повеќе детали за намалување на ризиците од употреба на небришливо мастило може да се најдат во натписот на ИФЕС "Indelible Ink in Elections: Mitigating Risks of COVID-19 Transmission While Maintaining Effectiveness" Available at https://www.ifes.org/news/indelible-ink-elections-mitigating-risks-covid-19-transmission-while-maintaining-effectiveness

49 Water, sanitation, hygiene, and waste management for the COVID-19 virus: interim guidance, 19 March 2020. (1970, January 1). WHO. Преземено од https://apps.who.int/iris/handle/10665/331499

50 How Long Does Coronavirus Last on Cardboard and Paper? (2020, April 10). Преземено од https://www.uprinting.com/blog/how-long-does-coronavirus-last-on-cardboard-and-paper/

International Foundation
for Electoral Systems